КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ КАКО БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА | КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИТЕ | ФРАНЦУСКА АВТОМАТСКА ПУШКА FAMAS „F1“ | „NORTHROP P-61 BLACK WIDOW“

# ШТИТ

Број 177
Јули 2024

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



„Реформските процеси ќе бидат на врвот на агендата“

## Владо Мисајловски, министер за одбрана на Република Северна Македонија



# Владо Мисајловски ја през за одбрана од

## „Реформските процеси ќе б

На 24 јуни, во Министерството за одбрана се одржа церемонија на која Владо Мисајловски ја презеде функцијата министер за одбрана од досегашниот заменик-министер за одбрана Тирон Јајага.  Во своето прво обраќање пред вработените во Министерството за одбрана и Армијата, министерот Мисајловски истакна дека се обврзува дека ќе работи на јакнење на меѓународниот углед и позицијата на државата, а главен приоритет ќе биде целосно активирање на сите расположливи ресурси во функција на заштита на националните интереси. „Реформските процеси ќе бидат на врвот на агендата, во согласност со целите на способност на НАТО соодветно ќе ја ажурираме стратегиската рамка која е основа за имплементација на реформските процеси во клучните области на одбраната. Со овие реформи соодветно ќе се зајакнат процесите на модернизација на Армијата, меѓународната соработка, системот на човечки ресурси, образованието и обука на персоналот, логистичката поддршка, воената инфраструктура, комуникацискиот систем и сајбер- одбраната“, потенцира





# зеде функцијата министер д Тирон Јајага

## бидат на врвот на агендата“

министерот Мисајловски. Тој нагласи дека останува на заложбите за стабилно и континуирано финансирање на одбраната во согласност со одлуките на НАТО Алијансата. „Ветувам зголемување на реализацијата на капитални расходи и значително намалување на сите досегашни непродуктивни трошоци“, рече Мисајловски.
Во однос на вработувањата и професионалниот развој на вработените во Министерството и Армијата, Мисајловски рече: „За вработување во Армијата ќе има објективни, транспарентни и прецизни критериуми. Ќе има квалитетен и професионален развој за воениот и цивилниот персонал во Армијата, ќе се воспостават транспарентни и јасни критериуми за избор и упатување на вработените за стручно усовршување, а за дипломатските мисии во странство и мировните мисии ќе се одлучува врз основа на стручност, заслуги и исполнување на меѓународните стандарди и стандардите на НАТО“.
Заменикот министер за одбрана Тирон Јајага се заблагодари на вработените во Министерството за одбраната и во Армијата, а на министерот Мисајловски му го честита изборот и му посака успех во исполнувањето на оваа функција.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчовска-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит






8
**Комитети и работни тела во НАТО (4)
(PCSC, MIC, CIC, SC, OPC)**

16
**Под знамето на ОН
Релевантноста на мировните операции (1)**

# содржина

ШТИТ | година XV I | број 177 | јули 2024

ИНФО
**Конференција на началници на ГШ на балканските земји** ............... 6

На прва линија
**Климатските промени како безбедносна закана**.......................... 10

Глобал
**Односот помеѓу националната и приватната безбедност**.................... 13

Воена едукација
**Кариерен развој на подофицерите (1)** ............................ 18

Родови перспективи
**Сајбер-безбедноста преку Агендата за жени, мир и безбедност**.......................................... 22

Инфо
**Животната средина во растечка еколошка криза**................ 24

Низ воената историја
**Битка за Британија**............................. 26

Вооружување
**„Rosomak“, оклопно модуларно возило** ........................... 36

**„Дум-дум“ куршуми: Цвеќиња на смртта**........................... 41

**Маскирни (камуфлажни) борбени авиони на RAF и USAAF од 1939 – 1945** .......... 45

Аеродневник
**Едрилица „Комарец“ (Komar)**........ 46

Воени музеи
**Музеј на специјални и падобрански единици на САД** ....... 48

Незадолжително
**Изложба на фалсификувани уметнички дела во Париз** ............... 52

Уметниците и војната
**Иван Константинович Ајвазовски, официјален сликар на руската царска морнарица војник**........................... 54





34
**Авион
„Embraer C-390 Millennium“**

38
**„Northrop P-61 Black Widow“**

**КОН ОВОЈ БРОЈ**

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Нова Влада*

*Македонскиот народ на редовните општи парламентарни и на претседателските избори, со бројно мнозинство, гласаше за промени во општественото владеење. Изборите беа оценети како слободни, фер и демократски и овозможија мирно и демократско примопредавање на власта, што претставува напредок во рамките на европското поведение на држава која се стреми кон полноправно членство во Европската Унија.*
*На чело на државата, за прв пат во историјата, беше избрана жена – професорката Гордана Сиљановска Давкова, а на парламентарните избори убедливо мнозинсто освои партијата ВМРО-ДПНЕ, како избор на македонскиот народ. Претседателката Гордана Сиљановска Давкова, во рок од десет дена од конституирањето на Собранието, му го додели мандатот за состав на Владата на Христијан Мицкоски како кандидат на партијата, односно партиите коишто имаат мнозинство во Собранието. Мандатарот Христијан Мицковски, во определениот рок од денот на доверувањето на мандатот, на Собранието му достави Програма и го предложи составот на новата Влада. Инаку, Владата е носител на извршната власт во државата и е составена од претседател на Владата и министри. Првата влада на Македонија е формирана на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година, во текот на Втората светска војна. Во периодот од 1945 до 1991 година во Социјалистичка Република Македонија биле избрани 8 претседатели на Извршен совет, како форма на извршната власт во Републиката во рамки на Федерацијата. По Референдумот од 1991 година и прогласувањето независност, Република Македонија продолжи да чекори самостојно на меѓународната сцена како независна и самостојна држава со парламентарна демократија како принцип на државно уредување. Собранието, со 77 гласа „за“ и 22 гласа „против“, ја избра новата Влада, чиј претседател е Христијан Мицковски. Оваа влада е дваесетта по ред во независна Македонија, а Христијан Мицковски е тринаесетти претседател на Владата. Владината коалиција ја сочинуваат ВМРО-ДПМНЕ, партиите од коалицијата „Вреди“ и ЗНАМ. Против Владата гласаа пратениците од СДСМ и „Левица“, а „Европскиот фронт“ ја напушти седницата кратко пред нејзиното завршување. Владата и секој нејзин член одговараат пред Собранието за својата работа. Мицкоски и членовите на Владата во Собранието дадоа свечена изјава. „Функцијата претседател на Владата ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Северна Македонија, кажа новиот премиер Мицкоски. Во Владиниот кабинет, 15 членови се од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, шест од коалицијата „Вреди“ и двајца од ЗНАМ. Владо Мисајловски од ВМРО-ДПМНЕ е новиот министер за одбрана, за што подетално информираме во овој број на „Штит“. Од неговото обраќање пред присутните на примопредавањето на функцијата министер за одбрана, тој се обврза дека ќе работи во согласност со националните и колективните безбедносно-одбранбени императиви, ќе ги продолжи започнатите реформски процеси и модернизацијата на Армијата, ќе се залага за развој на сите области во одбраната, образованието, професионалниот развој, стандардот и личниот успех на секој вработен во одбраната и Армијата.*
*Му посакуваме успех и успешна реализација на сите планирани проекти и активности во секторот одбрана.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Конференција на началници на ГШ на балканските земји

Началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, учествуваше на 17. конференција на началниците на ГШ на балканските земји (Форум „Б-9“), која се одржа во Драч, Република Албанија. На годинашната конференција се дискутираше за тематската содржина: „Ангажман на младите во одбранбената безбедност: промовирање на вклучување на младите во одбранбени и безбедносни прашања, поттикнување на иновации и справување со предизвиците на пополнување и задржување на персоналот во армиите“, како и за годишните извештаи од постојаните работни групи за асиметрични закани, воено образование, обука и координација. Генералот Ѓурчиновски во обраќањето ја истакна важноста на меѓусебната соработка и заемната поддршка во сите области кои се од значење за вооружените сили и безбедноста на регионот. Во рамки на конференцијата, генералот Ѓурчиновски оствари издвоени билатерални средби со началниците на генералштабовите на сите земји членки на кои се разговараше за продлабочување на меѓусебните воени соработки, за тековните и понатамошните заеднички активности. Генералот Ѓурчиновски исто така оствари средба и со заменикот на Здружената команда на НАТО во Неапол, генерал-потполковник Стивен Келси, на која се разговараше за нашиот придонес во меѓународните операции и вежби под раководство на НАТО.Началниците на ГШ на балканските земји на конференцијата, со потпишување на заедничката изјава, ја потврдија цврстата заложба за проширување и зајакнување на воената соработка.На конференцијата, покрај генералот Ѓурчиновски учествуваа и началниците на Генералштабовите на армиите на Албанија генерал-мајор



Арбен Кинџи, на Бугарија адмирал Емил Ефтимов, на Грција генерал Димитриос Чоупис, на Босна и Херцеговина генерал-полковник Гојко Кнежевиќ, на Србија генерал Милан Мојсиловиќ, на Турција генерал Метин Ѓурак и на Црна Гора бригаден генерал Зоран Лазаревич и како набљудувачи од армиите на Хрватска и Словенија.Како гостин на конференцијата присуствувал и шефот на кабинетот на претседавачот на Воениот комитет на Европската унија, генерал-мајор Јохан Франк.

# Свечено одбележан Денот на воздухопловниот ВИНГ

Со воена свеченост, во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, припадниците на воздухопловниот ВИНГ (вВИНГ) од составот на Командата за операции (КО) го одбележаа 10 јуни – Денот на единицата. На воената свеченост во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, пред началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и присутните се обратија началникот на штаб на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски и командантот на вВИНГ, полковник Игорчо Стоименовски. Бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски истакна дека одбраната на воздушниот простор претставува врвен приоритет и додаде дека во изминативе 32 години, конкретно се придонесува во изградбата на капацитетите и способностите на единицата. Генералот нагласи дека со предвидената модернизација ќе се овозможи поголема оперативна способност и подобро извршување на мисијата и задачите на единицата. Во својот говор генералот Ѓоргоски со особен пиетет потсети на загинатите 11 припадници во хеликоптерската несреќа кај Катлановско Блаце, порачувајќи им на припадниците на вВИНГ сеќавањето на нивните жртви да им биде мотив за постигнување на уште поголеми успеси и професионалност. Командантот на единицата, полковник Игорчо Стоименовски пред присутните го даде историскиот осврт на единицата, при што истакна дека благодарејќи на заложбите на стручниот и високо мотивиран персонал беа поставени темелите на военото воздухопловство и противвоздушната одбрана. Воедно се осврна на тридецениските процес на континуирано опремување кое започна со транспортни хеликоптери, радар за набљудување на воздушниот простор и лесни школски авиони, а во понатамошниот период со предвидените набавки на повеќенаменски хеликоптери и ПВО системи ќе се подобрат способностите за извршување на мисијата на единицата. Пред стројот се прочитаа честитки и се доделија стимулативни мерки на припадници



од единицата, по што следеше прелет на два воздухоплова Ф-16 од грчкото воено воздухопловство, кои се дел од воздухопловното патролирање на НАТО, а се реализираше и прелет на дел од воздухопловите на ВИНГ-от. На свеченоста покрај началникот на ГШ, генералот Ѓурчиновски, присуствуваа и заменикот на началникот на ГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, директорот на ГШ, бригаден генерал Симеон Трајковски, претставници од МО и ГШ, команданти на команди и единици на Армијата, поранешни команданти и други.

# Конференција на европските армии

Командантот на Командата за операции, бригаден генерал Бесник Емини во период од 10-12 јуни, присуствуваше на Конференцијата на европските армии (CEA- Conference of European Armies). На конференцијата учествува команданти на копнените сили од 35 армии, армии на членките во НАТО и сојузници. Исто така на Конференцијата учествува и претставници од Армијата на САД, претставници на НАТО командата како и останати организации. Конференцијата беше организирана од страна на Командата на САД за Европа и Африка и беше предводена од страна на командантот на Командата на САД за Европа и Африка, генерал Дерил Вилијамс. На конференцијата присуствуваше и началникот на штаб на Армијата на САД, генерал Ренди Џорџ. За време на конференцијата се дискутираше на повеќе актуелни теми кои се битни за моменталната безбедносна состојба во Европа како и јакнењето на способностите на армиите. Командантот на Команда за операции, бригаден генерал Бесник Емини за време на конференцијата оствари билатерални средби со претставници на Армијата на САД и претставници од армиите членки на НАТО и сојузниците, како што се: заедничка средба на генералите присутни на конференцијата со началникот на штаб на Армијата на САД, генерал Ренди Џорџ, билатерални средби со началникот на Г-3 во Командата на САД за Европа и Африка, бригаден генерал Патрик Елис, со бригадниот генерал Стивен Карпентер, командант на 7. армија за обука на САД, со командантот на Копнените сили на грчката Армија, генерал потполковник Џоргиос Костидис и со командантот на



Копнените сили на норвешката Армија, генерал мајор Ларс Лервик. Учеството на конференцијата е од големо значење за Армијата бидејќи на истата има можност за запознавање со предизвиците и моменталната безбедносна состојба во Европа, како и можноста за остварување на средби со претставници од останатите армии со цел продлабочување на меѓусебната соработка.

# Учество на воено-полициска тактичка вежба „Platinum Wolf 24“

Во период од 10 до 21.06.2024 година, одделение од составот на Баталјонот на Воена полиција (бВП), со две моторни возила, учествуваше на воено-полициска тактичка вежба „Platinum Wolf 24“ на полигонот „Боровац“ во близина на Бујановац, Р. Србија. Покрај припадниците на бВП на воено-полициската вежба учествуваа и припадници од Србија, Босна и Херцеговина, Романија, САД, Обидинетото Кралство, Италија и Унгарија, како и инструктори од Србија, Италија, Обединетото Кралство, Бугарија, Словенија и Германија, со кои нашата Армија има воспоставено соработка од доменот на службите на Воена полиција. Вежбата имаше за цел да ја унапреди синхронизацијата и координацијата на способностите за изведување на воено-полициски задачи помеѓу армиите од земјите учеснички на вежбата. Како и досега, припадниците на бВП со своето професионално и одговорно однесување придонесуваат за одлична можност за афирмација и подобрување на угледот на единицата како и на Армијата во целост на меѓународно ниво. За време на вежбата, одделението заедно со другите учесници реализираа обука на повеќе теми и тоа: тактики, техники и процедури во мировните операции, несмртоносно оружје, како и операции за поддршка на мирот. На вежбата беше демонстрирано високото достигнато ниво на интероперабилност и способност за интеграција во меѓународните сили при извршување на операции со висок интензитет.



# Снајперска обука

Ренџерите од борбено извидувачката чета, на армискиот полигон „Пенуш“, реализираа снајперска обука со цел усовршување на снајперските вештини како поединец и во склоп на снајперски пар. За време на обуката на АП „Пенуш“ беа реализирани повеќе специјални, единечни и командирски гаѓања на кои припадниците покажаа максимална ефикасност на гаѓање со снајперски и далнострелни снајперски пушки на големи далечини. Покрај гаѓањата беше опфатена и обука во планирање на снајперски мисии, наведување на огнена поддршка, маскирање, решавање на интелектуални меморисկи вежби при одредување на цели и тактичко движење на отворен простор во снајперски парови и како поединци. Сето ова овозможува снајперските парови од ренџерите да бидат секогаш подготвени за извршување на задачи од највисока важност и највисок степен на ризик, потврдувајќи го уште еднаш мотото на баталјонот „Секогаш чекор понапред“. Снајперската обука вклучува широк спектар на предмети и дисциплини



дизајнирани да ја подигнат когнитивната, физичката и психичката состојба на снајперистот, а воедно и да го етаблираат како повеќенаменска сила на борбеното поле со висока ефикасност, уништувачка моќ и висок процент на преживување на борбеното поле.




# Комитети и работни тела во НАТО (4) (PCSC, MIC, CIC, SC, OPC)

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички, воени, па сè до технички или оперативни прашања. Дополнително, постојат и други форми на соработка, партнерство и дијалог (бордови, агенции, организации), кои ги поткрепуваат односите помеѓу НАТО и другите земји партнери на Алијансата

Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите присуствуваат на состаноците на комитетите што се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО.

Во оваа и во наредните неколку статии, продолжуваме со претставување на сите комитети и работни тела во НАТО. Конкретно, во оваа прилика ќе бидат опфатени следните комитети: Комитетот за партнерства и безбедносна соработка, Комитетот за воено разузнавање, Комитетот за цивилно разузнавање, Комитетот за безбедност и Комитетот за оперативна политика.

**Главни тела за одлучување во НАТО**

**Комитетот за партнерства и безбедносна соработка (Partnerships and Cooperative Security Committee - PCSC**) е единствениот политичко-воен комитет одговорен за сите програми на НАТО кои се однесуваат на контактите и координацијата со земјите кои не се членки на Алијансата. Ги синхронизира и односите на НАТО со другите меѓународни организации.

Овој комитет се состанува во различни формати: формат на 31 членка на НАТО со Шведска, со партнерите во регионално специфичните партнерски рамки на Алијансата (како на пример со Евроатлантскиот партнерски совет, Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка), како и во формат „31+n“ за одредени теми доколку се договорат сојузниците.

Од своето создавање во 1994 година, Медитеранскиот дијалог придонесе за градење доверба и соработка помеѓу НАТО и седумте земји учеснички. Медитеранскиот дијалог е резултат на барањето на трите членки на НАТО што се граничат со Медитеранот - Шпанија, Италија и Франција, пред се заради стабилноста во медитеранскиот регион. За време на Вашингтонскиот самит во 1999 година, НАТО изјави дека "безбедноста во цела Европа е тесно поврзана со безбедноста и стабилноста

на Медитеранот со изградба на силни и сигурни односи за соработка помеѓу НАТО и земјите од Медитеранот“. Евроатлантскиот партнерски совет бил создаден во 1997 за да го замени Северноатлантскиот совет за соработка. Истанбулската иницијатива за соработка започна на самитот на Алијансата во 2004 година. Иницијативата има за цел да придонесе за долгорочната глобална и регионална безбедност, нудејќи им на земјите од поширокиот регион на Блискиот исток практична и билатерална безбедносна соработка со НАТО.

**Комитетот за партнерства и безбедносна соработка првично беше именуван како Political and Partnerships Committee.** За време на реформата на комитетот во април 2010 година и во септември 2014 година, комитетот беше преименуван со сегашното име и неговата улога беше редефинирана.

**Комитетот за воено разузнавање (Military Intelligence Committee – MIC)** е примарен ентитет за управување на Алијансата за прашања од военото разузнавање. Комитетот е главно советодавно тело на Воениот комитет, а воедно и на Северноатлантскиот совет. Обезбедува соодветни и навремени совети за прашања кои се однесуваат на сите аспекти во врска со разузнавачките предизвици. Истовремено е форум за одлучување во делот на разузнавањето од заеднички интерес на сите членки и учествува во креирањето на разузнавачката политика на НАТО.

**Комитетот за цивилно разузнавање (Civilian Intelligence Committee - CIC)** е единственото тело кое се справува со прашања на цивилното разузнавање во НАТО. Комитетот директно известува до Северноатлантскиот совет и го советува за прашања во делот на шпионажа и терористички или сродни закани кои можат да влијаат на Алијансата. Секоја земја членка на НАТО е претставена во Комитетот со нејзините безбедносни и разузнавачки служби. Со комитетот претседаваат нациите на годишна ротациона основа и истиот е поддржан во својата секојдневна работа од Канцеларијата за безбедност на НАТО. Комитетот за безбедност (Security Committee - SC) во својата надлежност се занимава со сите прашања во врска со безбедносната политика на НАТО и делува како советодавно тело на Северноатлантскиот совет. Ја разгледува безбедносната политика на Алијансата, дава препораки за промени и ги испитува прашањата поврзани со оваа тема. Комитетот за безбедност исто така ги разгледува и одобрува придружните директиви и насоки во областите на безбедност на персоналот, физичката безбедност, безбедност на информациите, индустриска безбедност и безбедност на комуникациските и информациските системи. Понатаму, ги разгледува безбедносните прашања што му ги упатува Северноатлантскиот совет, земја-членка, генералниот секретар на НАТО, Воениот комитет, Бордот за консултации, команда и контрола на НАТО (по ново Комитет за дигитална политика) или шефовите на цивилните и воените тела на НАТО, подготвувајќи соодветни препораки за сродни теми. Комитетот е составен од претставници на националниот безбедносен авторитет на секоја земја-членка, а каде што е потребно тие се поддржани од дополнителен персонал во делот на националната безбедност. Со Комитетот за безбедност претседава директорот на Канцеларијата за безбедност на НАТО. Се состанува во различни формати: на ниво на директорот, во формат за безбедносна политика, во формат безбедност на комуникациски и информациски системи, а може да се состане и со земјите партнери. Комитетот е директно одговорен пред Северноатлантскиот совет и му известува за напредокот на својата работа најмалку еднаш годишно.

**Комитетот за оперативна политика (Operations Policy Committee - OPC)** игра водечка улога во развојот и спроведувањето на политиката поврзана со операциите. Овој комитет се стреми да ја подобри соработката помеѓу политичката и воената страна на штабот на НАТО. Во Комитетот за оперативна политика се претставени сите земји членки.

Комитетот редовно се состанува и во таканаречениот формат на КФОР т.е. со земји кои не се членки на НАТО, а кои придонесуваат со војници во косовските сили (КФОР) на Косово. Неговата работа е поддржана од Одделот за операции на меѓународниот штаб на НАТО. Бил создаден после реформата на Комитетот во јуни 2010 година, заменувајќи ја поранешната Група за координација на политиките.






Драган Павловски



# Климатските промени како безбедносна закана

Климатските промени се можеби најзначаен фактор кој влијае и ќе влијае сè повеќе на идниот општествен живот. Промените на климата и на природата ќе ги постават клучните прашања за непосредната иднина од политички, економски, социјален и еколошки аспект. Нивното влијание се оценува дека ќе биде исклучително и врз безбедноста на државите, а истото може да се одрази на повеќе начини

Климатските промени дејствуваат како мултипликатор на ризиците. Самите климатски промени директно не предизвикуваат конфликт, но придонесуваат кон интензивирање на геополитичкиот натпревар меѓу државите и содејствуваат со останатите фактори кои ја обликуваат безбедносната околина. Климатските промени исто така може да се појават како безбедносно прашање и кога се во интеракција со други нешта како што се растот на населението, нееднаквиот економски развој, социјалната нееднаквост и натпреварот за ограничените ресурси. Најчесто се манифестираат преку суши, екстремно високи или ниски температури, дефорестација, ерозија на земјиштето, деградација на крајбрежјата, зголемување на честотата и разурнувачката моќ на ургантите и торнадата, топење на поларните капи и покачување на нивото на морето и слично. Предвидувањата се дека до 2100 година температурата на воздухот може да се покачи и до 4°C во одредени региони од светот, врнежите да се намалат за 20-50%, а сушните денови да се зголемат за 20% . Ваквите екстремни временски услови ќе влијаат живото-загрозувачки не само на граѓаните, туку и на воената поставеност и потребата од промена на доктрините за војување, промена на воената инфрасруктура, опрема и способност на војниците при изведување на операциите во екстремни временски услови.

**НАТО и климатските промени**

На климатските промени не е имуна ниту една држава ниту една институција ниту сојуз. Ефектите од нив го обликуваат и ќе продолжат да го обликуваат геополитичкото опкружување и безбедноста на државите, вклучувајќи ги и членките на Алијансата. Доколку се манифестираат едновремено и во поголем обем, климатските промени можат да влијаат врз однесувањето на

Навременото вклучување на климатските промени во планирачкиот процес ќе му овозможи на НАТО побрзо да се прилагоди за идната реалност. Исто така, сојузниците ќе имаат доволно време навремено да ги подготват своите сили и да ги приспособат и опремат за изведување на операции во изменети климатски услови





државите и да поттикнат контестирана безбедност и конфликтна напнатост.
Со цел навремено да се превенираат несаканите импликации од климатските промени во безбедноста, НАТО треба да ја отслика реалноста и влијанието од климатските промени во поставеноста почнувајќи од развојот на идните стратегиски документи на Алијансата. Тоа подразбира и изградба на соодветни механизми за одговор на долг рок. Некои држави, посебно нордиските, презедоа вакви чекори пред повеќе од една деценија. На пример, уште од 2010 година, Нордиските држави во своите документи и политички изјави ги потенцираа ефектите од климатските промени и нивното влијание врз безбедноста на регионот. Тие потврдија дека: „Климатските промени се долгорочен процес кој ќе иницира мноштво на мултидимензионални демографски, економски, геополитички и национално безбедносни прашања со многу непознати и значајни непредвидливости“.
Климатските промени се еден од клучните елементи кои ги дефинираат современите предизвици. Тие се мултипликатор на заканите и предизвикуваат сериозни импликации по безбедносните и економските интереси на сите триесет членки на НАТО. Климатските промени го влошуваат постојниот социјален, економски и еколошки ризик кој може да поттикне немири и да предизвика конфликт. Тие придонесуваат, односно го забрзуваат недостатокот на ресурси и глобалната безбедност за храна и вода и поттикнуваат масовна миграција и раселување на луѓето. Промените се реалност и може да продуцираат нови области на натпревар кој ќе се засили со топењето на поларните капи и отворањето на новите транспортни коридори кои водат низ Северното море, Northern Sea Route , Northwest Passage, Transport See Route, and Arctic Bridge in the High North. За нив геополитичките ривали се борат со цел да воспостават контрола и да ги користа. Имено, новите поморски рути преку Арктикот се многу поевтини, пократки и побрзи отколку постојните. Овие води се очекува да бидат отворени многу брзо и многу подолг период во годината од порано.




На сликата може да се видат High North Routes меѓу Азија, Северна Америка и Европа. Source: The Geography of Transport Systems.

За да ги превенира ваквите прашања и да се подготви за следната декада и потоа, Алијансата веќе работи на предизвикот да ги вклучи климатските промени и другите невоени закани во НАТО планирањето, подготовките за одговор и решенија по однос на новата реалност, градење на отпорноста и кризниот менаџмент. Навременото вклучување на климатските промени во планирачкиот процес ќе му овозможи на НАТО побрзо да се прилагоди за идната реалност. Исто така, сојузниците ќе имаат доволно време навремено да ги подготват своите сили и да ги приспособат и опремат за изведување на операции во изменети климатски услови. Всушност, најсилен импакт климатските промени имаат врз војската во извршувањето на задачите.



Затоа е потребно НАТО да се осигура дека неговата командна и структура на сили, неговите инсталации и поставеност се целосно подготвени да дејствуваат во ситуација на променети и променливи услови. НАТО мора да работи на имплементација на Агендата за климатски промени и безбедност. Имплементацијата на Агендата овозможува пристап од 360 степени и опфаќа мерки за зголемување на свесноста на НАТО и на Сојузниците за влијанието на климатските промени врз безбедноста. Дополнително, неопходно е да се работи на намалување на еколошкиот ефект на воените активности, со цел истите да се адаптираат и да станат по пријателски кон околината и отпорни во одговорот кон безбедносните предизвици предизвикани од промената на околината.

За да го постигне тоа, НАТО долгорочно треба да воспостави стандард за тоа како да ја унапреди енергетската ефикасност во вооружените сили, да го редуцира нивото на емисии од воениот сектор и да придонесе кон целта „нула“ емисија на јаглеродни гасови до 2050 година. Исто така, неопходно е да се ревидира Зелената одбранбена рамка 2014 (2014 Green Defence framework) земајќи ги предвид растечките предизвици и новите зелени технологии, како и да ја подигне на стратегиско ниво употребата на Програмата на наука за мир и безбедност (Science for Peace and Security Programme) во насока на развој и имплементација на подобри зелени воени технологии (NATO 2030: United for a New Era, 2020:14). Сојузниците планираат да инвстираат во зелените технологии со крајна цел унапредување на воената ефикасност и одржување на предност како и адаптирање на нивните вооружени сили на промените во безбедносната околина предизвикани од климатските промени.

Иако климатските промени не се примарна НАТО област на делување, за подобро разбирање на климатските промени и нивно научно проучување, за очекување е дека НАТО во иднина може да воспостави Центар на извонредност за клима и безбедност (Centre of Excellence on Climate and Security) или да ги додаде климатските промени во постојните Центри на извонредност. Научниот пристап во разбирањето на климатските промени ќе и помогне на Алијансата подобро да ги апсолвира импликациите и соодветно да ги прилагоди сопствените стратеги и способности со цел да остане ефективен безбедносен актер во 21 век.

Северна Македонија како и сите други држави ги чуствува влијанијата предизвикани од климатските промени. Северна Македонија е потписник на Парискиот Договор и ја има ратификувано Конвенцијата за долгорочно прекугранично загадување на воздухот (Convention on Long-range Transboundary Air Pollution. Исто така, ги има приоритизирано климатските промени во напорите за имплементација на Агедната 2030 за одржлив развој и одржливи развојни цели (2030 Agenda for Sustainable Development and the Sustainable Development Goals- SDGs), вклучително и Одржливите развојни цели 2013 за Климатска акција. Во моментот кога е пишуван текстот се подготвуваше Четвртиот национален план за климатски промени кој се очекуваше да биде усвоен во јуни 2022 година.

Комплементарно, Северна Македонија посветено ги применува енергетските правила и принципи на ЕУ. Тоа вклучува и подготовка на Национален енергетски и климатски план кој би помогнал во поддршка на долгорочното одредување на целите за енергетските и климатските промени, како и за преточување на ЕУ правото за енергија во соодветна национална легислатива. Северна Македонија е усогласена со правото за енергетска ефикасност и го има усвоено Законот за енергетска ефикасност во 2020 година.

д-р Игор Ѓорески






# Односот помеѓу националната и приватната безбедност

Во однос на државата, безбедноста ги синтетизира државните функции врз основа на потребите на граѓаните. Да се постигне чувство на безбедност е фундаментална задача на државата (национална безбедност). Но, новата безбедносна средина во која државните институции треба адекватно да одговорат на внатрешните и на надворешните закани како што се организираниот криминал, трговијата со дрога, трговијата со луѓе, перење на пари и економски криминал, доведоа до појава на приватна безбедност, која прерасна во сеприсутен феномен

Ако тргнеме од проширеното значење на **националната безбедност**, како рамка од којашто произлегуваат сите нивоа на безбедност, ќе дојдеме до теоријата за приватната безбедност со која се поврзуваат недржавните субјекти (од приватен карактер), коишто во рамките на националната/државната безбедност изведуваат работи од доменот на приватната безбедност. За разлика од државните безбедносни актери (војската, полицијата и разузнавачките служби), во чија надлежност спаѓа безбедноста и ангажирањето на превентивен и репресивен план во доменот на заштитата на државата и општеството од сите облици на загрозување, кога зборуваме за приватна безбедност и приватни безбедносни актери, мислиме на субјекти кои во границите на своите овластувања се спротивставуваат на најразлични облици на загрозување на лица и на имоти. На тој начин тие придонесуваат за поефикасна заштита на правните лица кои делуваат како сопствена служба или како компании или агенции кои, врз основа на договор, вршат обезбедување на лица и на имоти.

Важен конституенс на националната безбедност е отсуството на страв од загрозување на националните и државните вредности и интереси, чувство на сигурност и спокојство, како и контрола над сите облици на загрозување кои се од витално значење за нацијата. Субјектите на **приватната безбедност**, теоретски, се класифицираат во типови на вооружени безбедносни сили. Тука се вбројуваат приватните воени и безбедносни компании, составени најчесто од бивши офицери на армијата и полицијата, способни да извршуваат

широк опсег на воени задачи. Поради флексибилноста во извршувањето на зададените задачи,тие честопати се ангажираат наместо регуларните воени сили, во мисии, за обучување, или за други специјални задачи и критични инсталации. Овие организации обезбедуваат обука, опрема и организација.

Односот на приватната безбедност кон актерите на националната/државната безбедност, најчесто е насочен кон работи од јавната, внатрешна безбедност, чии носители се полициските органи. Јавната безбедност кон крајот на 20 век и на почетокот на 21 век, во странската теорија се третира како концепт на полициска организација и работа, а полицијата во рамките на заедницата т.н. *community policing*. Глаголот „*policing*" значи регулирање, контрола и држење на поредокот со помош на полицијата или со примена на политички средства. Во тој случај може да се прифати дефиницијата каде „*policing*" означува ***активност на индивидуи или организации кои дејствуваат легално, во корист на јавните или на приватните организации или личности кои обезбедуваат сигурност и јавен ред, ополномоштени со јавни или приватни договори, прописи и начела, во писмена или во усна форма***. Значи, овие активности опфаќаат повеќе задачи коишто традиционално ги извршува јавната безбедност (полицијата) но,исто така, може да бидат преземени и од страна на приватната безбедност.Односот на приватната безбедност кон субјектите на националната безбедност најчесто е насочен кон извршување на работи од јавната внатрешна безбедност, чиишто носители се полициските органи. Нивната улога, главно, е одржување на јавниот ред и мир и превенција од криминал и не постои сомневање дека приватната безбедност придонесува за поефикасна заштита на виталните интереси на општеството.

**Соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор на безбедност**

Денес во светот постои тенденција на зголемување на приватизацијата на безбедносниот сектор. Зголемувањето на бројот и значењето на приватните компании коишто даваат услуги од воен и од безбедносен карактер и услуги во делот на физичко-техничките обезбедувања, претставуваат глобален феномен кон крајот на 20-тиот и почетокот на 21 век, бидејќи државата и нејзините институции веќе не се единствените субјекти што се грижат за надворешната и за внатрешната безбедност на своите граѓани. Денес приватните безбедносни актери станаа реална потреба, бидејќи државата повеќе не е во можност подеднакво




и ефикасно да ги задоволи сите зголемени безбедносни потреби на општеството. Оправданоста од постоење и понатамошен развој на приватниот сектор за безбедност може да се аргументира со следното:

- ефикасност (реална и потенцијална), што произлегува од добрата на материјално-техничката опременост на приватните безбедносни актери;
- економичност, каде што приватните безбедносни актери со своите активности ги растоваруваат, односно ги намалуваат должностите на полицијата и на армијата, што создава значителна заштеда во буџетот, професионално усовршување и намалување на бројот на вработени во јавниот сектор;
- унапредување на вкупната безбедност на граѓаните и на државата преку воспоставување партнерство помеѓу државните и приватните актери на безбедност; економска корисност, затоа што приватниот сектор вработува работна сила, а преку исполнување на даночните обрски се зајакнува и државниот буџет.

Истражувањата на односот помеѓу јавниот и приватниот сектор за безбедност бил предмет на повеќе истражувања во светот. Иако приватниот сектор на безбедност и полицијата се насочени кон извршување на слични работи, сепак помеѓу нив постои нееднаков фокус и стил на работа, што е поткрепено со следниве ставови:

- приватното работење, пред сè, е комерцијално, додека полицијата е морално посупериорна поради убедувањето дека зачувувањето на безбедноста и спроведувањето на законите, како главни елементи



на полицијата, не се заради остварување на заработка;

- некои функции не би требало да се спроведуваат приватно, бидејќи тоа не е праведно;

- приватното обезбедување, главно, го штити физичкото и електронско сопсвеништво од криминални и други закани, додека полицијата покрива поширока област; полицијата, примарно, е насочена кон заканите, а приватното обезбедување кон сопственоста;

- приватната безбедност, примарно, е одговорна пред приватните интереси на клиентите, додека полицијата е одговорна пред сите граѓани и контролни тела;

- сите овластени службени лица на полицијата се опремени со средства за принуда, а приватното обезбедување нема толкава моќ.

Основната цел на соработката помеѓу полицијата и приватниот сектор како нејзин партнер, е воспоставување на подобар однос со „корисниците“ на услугите на полицијата. Овде се мисли на размена на искуства во заедничката борба со потенцијалните сторители на криминални дела и запознавање со новите достигнувања од делокругот на работата на полицијата. Последниве години видно се зголеми бројот на специјализирани приватни компании коишто даваат безбедносни услуги и нудат најразлични воени, полициски и други безбедносни услуги.
Сето ова драматично ја менува улогата на државата и на нејзините безбедносни актери (војската и полицијата) и го ограничува нејзиното право на државен монопол за давање ваков вид услуги. Приватизацијата во областа на безбедноста претставува општо прифатен тренд во светски размери, но приватниот безбедносен сектор не претставува конкуренција на државата и на нејзината безбедност, туку е израз на потребата на заедницата на приватниот капитал, израз на потребите на сите граѓани, во соработка до институциите на државата, да придонесуваат општата безбедност да биде на повисоко ниво, во интерес на сите. Услугите на приватните безбедносни актери во современиот свет сè повеќе стануваат алтернатива на државните безбедносни актери во остварувањето на заштитата приватнитр, како и на јавните (државните) и на меѓународните и глобалните интереси и вредности. Оттука произлегува и зголемената потреба за развој на приватниот сектор за безбедност, но и за воспоставување сериозно партнерство со државниот сектор за безбедност.

м-р Ксенија Митева



# Нова апликација на вештачка интелигенција за војниците на САД

Агенцијата за напредни истражувачки проекти за одбраната (АНИПО) развива нова апликација за вештачка интелигенција која има цел да дава препораки за време на војна и мирнодопски периоди во однос на безбедноста на војниците, изјави Мет Турек, заменик-директор на Канцеларијата за информатички иновации на АНИПО.
Вештачката интелигенција, машинското учење и автономијата се користат околу 70% во програмите на АНИПО. Развојот на вештачката интелигенција е таков приоритет бидејќи АНИПО има цел да се спречи неочекуван пробив во технологијата или „стратешко изненадување“, од страна на противниците кои исто така можеби развиваат напредни способности. Затоа Агенцијата сака да создаде свое стратешко изненадување. Еден од многуте начини на кои Агенцијата ги реализира овие активности и идеи е преку решавањето на различни видови безбедносни предизвици. Пример за тоа е сајбер-предизвикот за вештачка интелигенција на АНИПО, кој користи генеративни технологии на вештачката интелигнеција – модели на големи јазици – за автоматски да ги најде и поправи ранливите страни во софтверот со отворен код, особено софтверот кој ја подразбира критичната инфраструктура. Големите јазични модели вклучуваат обработка и манипулирање на човечкиот јазик за извршување на такви задачи како безбедно компјутерско кодирање, донесување одлуки, препознавање на говор и правење предвидувања. Турек објасни дека уникатна карактеристика на овој предизвик е партнерството помеѓу Агенцијата и најсовремените провајдери на големи јазични модели кои учествуваат во предизвиците, вклучувајќи ги „Гугл“, „Мајкрософт“, „OpenAI“ и „Anthropic“. Инаку, Агенцијата за напредни истражувачки проекти за одбрана работи во четири области за истражувања поврзани со вештачката интелигенција кои вклучуваат партнери од индустријата и академската фела, и тие се: вештачка интелигенција; доверба во информативниот домени кои откриваат манипулирани медиуми; безбедни и издржливи системи; и одбранбени сајбер-алатки.

м-р Зорица Стојкова



# Под знамето на ОН

## Релевантноста на мировните операции (1)

Општо гледано, мировниците се распоредуваат и мировните операции се спроведуваат во средини со разни предизвици. Бројот на пошироки вооружени конфликти во светот е трипати поголем во последните години и мировните операции сѐ повеќе се изведуваат во опкружувања со висок ризик. Покрај тоа, мировниците сѐ повеќе се цел на вооружени напади

За разлика од сѐ поголемата потреба од мултидимензионални мисии во 1990-тите, денес мировните операции се обидуваат да го спроведат мирот наспроти појавата на нов вид на насилство на Блискиот Исток и Африка. Заклучоци од повеќе форуми изминатата година, на кои се дебатираат основните аспекти на миротворството во светски рамки, сѐ повеќе наведуваат дека ООН во иднина ќе се соочи со зголемени барања кои ќе го покриваат целиот спектар на мировни операции. Ова вклучува комбинација на прилагодена превентивна дипломатија, создавање мир (peacemaking), наметнување мир (peace enfocement), напори за зачувување на мирот (peace-keeping) и градење мир (peacebuilding), во севкупната рамка за одржување на мирот. Мировните операции на ОН, како операционализација на Повелбата на ОН, со овластување од Советот за безбедност со цел да се врати или одржи меѓународниот мир и безбедност, и покрај големиот број предизвици и ограничувања во нивното спроведување, воглавно биле успешни до сега и со позитивно влијание врз земјите-домаќини и нивното население. Значително се намалени цивилните жртви, ставен е крај на конфликти и овозможени се мировни процеси.

Во сѐ поглобализираниот и меѓусебно зависен свет, постои растечки стремеж кон приближување помеѓу националните и меѓународните потреби за мир и безбедност, вклучувајќи ги регионалните и прекуграничните предизвици, како што се регионалните вооружени конфликти, климатските промени, дезинформациите, насилниот екстремизам, економската несигурност, нерегуларните миграции и организираниот криминал. Во секој случај, и наспроти различните ставови, сите земји-членки на ОН би требало недвосмислено да придонесуваат во мировните операции. Сите земји членки на ОН имаат превземено одговорност за активно и солидарно справување со ситуации за кои е утврдено дека претставуваат закана за меѓународниот мир и безбедност. Кога се соочува со закани за вооружени конфликти и војна, ООН би требало целисходно да ја користат целата палета на мировни инструменти и ресурси, вклучувајќи и мировно посредување, превентивни набљудувачки мисии, силни воени одговори, повеќедимензионални мировни дејствија, специјални политички мисии, полициски мисии, хибридни мисии и регионални мисии. Ниту една друга меѓународна организација нема кодифициран авторитет и комплетни мировни операции како ООН. Паралелните активности и ад-хок безбедносните иницијативи можат да имаат краткорочни успеси за справување со конфликти, но тие

потенцијално претставуваат ризик да ја поткопат воспоставената меѓународна и регионална мировна архитектура.
Во заклучоците по дискусиите се наведува дека најнапред се потребни промени во пристапите, ставовите и културата за да се овозможат пофлексибилни, модуларни и интегрирани одговори, согласно можностите. Многу од силите и способностите што ООН ги имаат развиено (посредување, владеење на правото, полициско работење, DDR, експертиза за природните ресурси) се релевантни за одржување на мирот и безбедноста, без оглед на тоа дали некоја земја е домаќин на мировна операција, специјална политичка мисија, специјален пратеник, тим на ОН или регионална канцеларија на ОН. Надоврзувајќи се на постоечките модели, како на пример програмата „Советници за мир и развој“ (Peace and Development Advisers) или платформите за владеење на правото, ООН би требало да ја зголемат својата способност да го поддржат целиот спектар на мировни операции со специјализирани експертизи. Покрај ова, неопходно е системот на градење и зачувување на мирот во рамките на ОН да ги надмине организационите пречки и административните бариери, со цел да се мобилизира и да дејствува поефикасно согласно своите надлежности. Сведоци сме и на фактот дека во поларизиран свет, со поделен Совет за безбедност на ОН, интензивниот дипломатски ангажман е лесно воочлив. Неопходно е да се вложат големи напори за спроведување на мировните операции на ОН, да бидат обезбедени реални и правилно доделени мандати, разумни очекувања од дипломатските мерки, обезбедени соодветни ресурси за нивно непречено спроведување, флексибилни пристапи кон разрешувањето кризи, компетентно раководство на мисиите, одговорност и ефективна координација. Потребни се повеќе комбинирани и флексибилни модалитети на планирање и финансирање за повторно конфигурирање, промена и прилагодување на мировните операции во рамките на оддржувањето на мирот и безбедноста. Скоро сите учесници на форумите сметаат дека ова прашање го заслужува вниманието на сите земји-членки на ОН.
Се наметнува и потребата ООН да биде повеќе проактивна, првенствено преку создавање подобри способности за идентификување и планирање на реални и остварливи стратегии за влез. Аналитичарите сметаат дека анализата базирана на точни и навремени податоци е клучна во креирањето планови за нови мировни операции. Идните теренски мисии би можеле да ги користат достапните ресурси на поодговорен и поприлагодлив начин, вклучително и специфични „модули“ на кои планерите во Одделот за мировни операции при ОН (DPO) може да се потпира во подготовката на брзи и специфични одговори за кризни ситуации. Аналитичарите укажуваат на фактот дека е потребно мандатите на мировните мисии да бидат повеќе ограничени по обем, да се со построги параметри за мерење на успехот и да го планираат временското ограничување на присуството на мировниците на терен. Со оглед на регионалната природа на многу конфликти и нивното прелевање надвор од границите на државите, кога е неопходно, потребано е да се земат предвид таканаречените транснационални мандати за мировни операции. Следно, на самиот почеток на мировната мисија би требало да се започне и со развивој на јасно дефинирани стратегии за излез, односно за приведување на мисијата кон завршеток, засновани на критеријумите за нивна имплементација. Засегнатите страни, вклучително и земјите-контрибутори со униформиран персонал, соодветните агенции на ОН, фондовите и програмите, би требало да бидат вклучени во раната фаза, како значаен, интегрален дел од планирањето, со цел да се обезбеди непречена последователна транзиција на општеството.
Ревидираните мандати е потребно да вклучуваат и периодични проценки, независни една од друга, како основа за размислување и планирање за идни мандати. Националните влади, како и граѓанското општество, преку консултативни процеси на соодветни форуми, би требало да бидат повеќе вклучени во разгледувањето на мандатите на ОН во сопствените земји и региони. Потребно е и да се обезбеди национален консензус по тие прашања и сопствен ангажман во текот на сите фази од процесите на креирање и доделување мандати. По потреба тука би можело да се вклучат и меѓународни невладини организации или глобални здруженија кои работат во интерес на меѓународниот мир и безбедност.
Преземените мисии е неопходно да бидат комплетирани и со соодветни подготовки и обука, како на индивидуално така и на организациско ниво. Заклучок е дека не се возможни импровизации во подготовките за мировни операции, а практичната обука е многу значајна за успех на оперативен план. Ова вклучува збир на мерки и постапки, и пред распоредувањето и за време на спроведувањето на мисиите, за подобра заштита на персоналот на ОН во оперативни опасни средини.
За успешно извршување на доделениот мандат неопходни се квалитетни подготовки со цел истиот да биде што е можно повеќе адекватен и реален. Важно е да се има на ум дека мандатите, ресурсите и времето мора да бидат прилагодени и во функција на природата и сложеноста на конфликтот, па и на предизвиците што се појавуваат. Невозможно е да се предвиди точниот опсег и содржина на мандатот, и поради таа причина пристапот кон мандатите би требало да биде флексибилен, прилагоден и реален.

М.С.







# Кариерен развој на подофицерите (1)

Подофицерите се припадници на понискиот старешински кадар во воените сили, коишто најчесто командуваат со одделение или вод, извршуваат најразлични административни и штабни должности во основните единици, команди или установи, ракуваат со магацини и складишта, во зависност од потребите, оспособеноста и чинот но, воедно, тие и извршуваат и други задачи

Според *NATO Non-commissioned officer Bi-Strategic, command employment and development strategy and NCO guidelines, page A-5*, НАТО подофицер се дефинира како професионално образован, обучен и дисциплиниран лидер, кој претставува „’рбет“ на секоја војска, посветен на извонредност и е пример за висок степен на воена компетентност, додека НАТО подофицерскиот кор е професионално тело на образовани, обучени и дисциплинирани членови кои покажуваат професионалност и владеење во нивната професија. Каналот за поддршка на подофицерите е самостоен и независен канал, кој е подреден и функционира паралелно со линијата на командувањето и служи како нејзина поддршка, со што се овозможува поефективно функционирање на линијата на командувањето, како и ефективно спроведување на процедурите и достигнување на потребните стандарди, брзо запознавање со наредбите на командантите, пренесување и имплементирање на процедурите и стандардите, овозможувајќи помош за подофицерите и соработка помеѓу подофицерите и офицерите (Концепт за професинален развој на подофицери, страница 16 и Водич за подофицери, 2008 година, страница 51). Каналот за поддршка на подофицерите на нашата армија е усогасен со оној на Армијата на САД, кој пред 1977 година се сметаше за неформален, меѓутоа со AR 600-20 во декември 1976 година, доаѓа до формализирање на каналот за поддршка на подофицерите, со цел поефективно спроведување на воспоставените политики и наредби. Според одредени податоци, подофицерите во НАТО силите се застапени околу 70% од вкупниот персонал, додека анализите на воените конфликти и интервенции во: Гренада, Панама, Сомајлија, Руанда, Хаити, Босна и Косово, укажуваат на потребата од високо компентентни и обучени подофицери поради успешно завршување на воените мисии, каде што образованието, обуката и подготовката за време на мир, станува критичен и одлучувачки фактор за успехот



Подофицерите се првата линија на нашата професија.
Тие ги претставуваат нашите вредности.
Тие го избраа невообичаениот начин на живот,
единствен за сите членови на воената професија,
живот посветен на служба и пожртвуваност
кој е заснован на нашата света заклетва.
Јас, особено се гордеам со нив и со нивната чесност кон службата во и надвор од бојното поле.
Тие ја заслужува сета почит и доверба на нашиот народ.

**Генерал Мартин Е. Демпси,**
**началник на штаб во Армијата на САД**

за време на војна (воен конфликт). Од вкупниот број на загинати воени лица-припадници на американската војска во Авганистан и во Ирак, во периодот од 2003 до 2011 година, 21% се војници, 55% се подофицери со чин водник и постар водник, 18% се подофицери со чин постар водник 1. класа и наредник, додека 6% имаат офицерски чинови ***(Casualty profile of the united US Army in Afghanistan and Iraq, 2012, page 38)***. Големиот процент на смртност на подофицерите убиени во акција (KIA-Kill in Action), укажува на многубројна застапеност на подофицерите во воените операции како непосредни учесници-носители на борбените дејства и акции и како извршен дел на воената организација. Компетентноста на подофицерите е фактор sine qua non со двонасочно влијание, како кон успешноста во работењето и ефективноста во извршувањето на задачите, така и кон развојот на нивната кариера, бидејќи и најдобриот план станува безвреден ако нема кој да го спроведе и да го изврши. Компетентноста се дефинира како способност да се исполнат професионалните барањата на една професија, преку извршувањето на работните задачи, преку поседување на релевантно образование, стручност и оспособеност. Компетентноста подразбира исклучително институционално образование за одредено стручно оспособување, верификувано со диплома, уверение, сертификат или друг вид документ со кој се потврдува оспособеноста на едно лице да извршува одредена дејност или должност.

Кариерниот развој на подофицерите треба исклучиво да се заснова на нивната стручна оспособеност/компетентност, додека должината на работниот стаж и работното искуство се само посакувани елементи (должината на работниот стаж не значи и големо работно исуство, додека големо работно искуство не значи компетентност, туку лична перцепција на нештата по пат на лични заклучоци и видувања). Кариера (лат.*carrus* – кочија), е семантичка наставка која означува нечиј јавен или професионален живот, додека според Оксфордскиот речник, зборот кариера се дефинира како личен напредок низ животот преку процесите на учењето (специјална обука или формално образование) и професионалната работа.
Развојот на кариерата претставува специфичен партнерски однос помеѓу поединецот и организацијата (компанијата), каде што се создава развојот во кариерата и се одвива како резултат на управување со кариерата од страна на организацијата (комапнијата), која ги оценува, ги избира, ги преместува, ги поставува и ги развива нејзините припадници како човечки ресурси поради обезбедување доволен број на стручни кадри. Кариерата, според начинот на нејзиното планирање и управување, се дели на индивидуална и на организациска. Индивидуалната кариера ја креира самиот поединец преку неговите лични амбиции, афинитети и предиспозиции, како резултат на лично залагање и желба за саморазвој заради постигнување на лични цели во кариерата. Организациската кариера настанала како резултат на организациониот менаџмент преку кој организацијата ги менторира, ги развива и ги менаџира нејзините вработени во согласност со целите на организацијата. Организациското развивање и управување со кариерата се одвива низ шест чекори:

- Ангажирање на поединецот во согласност со неговата моментална оспособеност.
- Проектирање на идната работна или раководна улога на поединецот според неговите способности и резултати од работата.
- Стручно доопособување и дообука на поединиецот во согласност со планираното работно место за кое е планирано да биде поставен.
- Следење и оценување на работникот во извршување на неговите работни



задачи и процена на перформансите.

• Наградување и унапредување врз основа на успешност.

• Проверка на можностите и компетенциите во работењето и извршувањето на други работни места, должности и улоги.

Кариерниот менаџмент има цел да создаде позитивна работна клима во која вработените ќе чувствуваат задоволство и припадност кон работното место, додека организацијата ќе има на располагање доволен број на стручни, високо мотивирани кадри. Кариерата се состои од 4 фази на кариерен развој:

• Првата фаза е наречена **почетна фаза** и таа го опфаќа вработувањето, пристапувањето и почетокот на работниот ангажман на вработениот. Првата фаза започнува на возраст од 18 до 25 години и се состои од воведување во работните задолженија, социјализација со работната средина, запознавање со начинот на функционирање на организацијата и вклопување во организациската структура. Оваа фаза во менаџментот е позната како „шок реалност“ поради сочувањето на стекнатите теоретски знаења со практиката.

• Втората фаза, позната како **напредна фаза**, започнува на возраст од 25 до 30 години и трае до возраст од 40 до 45 години. Во оваа фаза вработениот ги покажал неговите потенцијали, се социјализирал и се вклопил во работната средина, поседува самодоверба, сигурност и самостојност во работењето, свесен е за неговите можности за напредок и развој.

• Третата фаза се нарекува **стабилна фаза** на одржување на кариерата и започнува од 40-тата до 45-тата година од животот и трае до возраст од 50 до 55 години. Во оваа фаза поединецот има работна и професионална реализација, афирмирана и препознатлива положба во организацијата, поради тоа што успешноста или неуспешноста во кариерата е лесно забележлива.

• Четвртата фаза е **завршна фаза** на кариерата и оваа фаза започнува во животниот период од 50 до 55-тата година и трае до пензионирањето. Во оваа фаза доаѓа до опаѓање на работните способности, до повлекување и намалување на личната активност во поглед на работниот ангажман. Во оваа фаза правилниот кадровски менаџмент треба да му овозможи на поединецот да им ги пренесе своите знаења, овластувања, обврски и одговорности на помладите колеги. Поединецот се соочува со неизбежниот крај на неговата професионална кариера поради пензионирањето, при што во оваа фаза се појавува таканаречениот „идентитетски шок“. Многу поединци во оваа фаза, посебно поединците кои извршувале спцифични должности со поголеми овластувања и одговорности во нивната кариера, можат да се соочат со сериозна психичка криза, бидејќи доаѓа до голема животна промена која се состои од менување на навики, губење на професионалниот авторитет, углед и моќ, што резултира со криза на сопствениот личен идинтитет. Со цел спречување на овие состојби, организациите развиваат планови и програми за подготовка на лицата пред нивното пензионирање.




Кариерниот развој на подофицерите се состои од кариера во чинови и кариера во должности. **Кариерата во чинови** го опфаќа вертикалниот кариерен развој во однос на подофицерските чинови, почнувајќи од најнискиот основен подофицерски чин водник, а завршувајќи со главен наредник како највисок подофицерски чин во нашата армија. **Кариерата во должности** е опфатена со хоринзонталниот кариерен развој, во согласност со висината и хиерархијата на должностите опфатени во еден чин. На пример, вработениот со чин водник може да извршува должности кои се опфатени со одредена специјалност (водник, подофицер за огнена поддршка, подофицер за врски, подофицер за предно набљудување итн.), командир на снајперски тим, командир на одделение и слично. Втор пример се должностите опфатени со чин главен наредник, кој во зависност од неговите стручни школувања, компентенциите и условите кои ги исполнува во согласност со Актот за систематизација на работни места, може да извршува должности во штаб на некоја повисока команда или должности опфатени со каналот за поддршка на подофицери од должноста главен подофицер на баталјон до главен подофицер во армијата.

Концептот за професионален развој на подофицери од 2005 година, односно Водичот за подофицери од 2006 и од 2008 година, Законот за служба во Армијата, Колективниот договор на Министерството за одбрана и описот на должноста на работното место, даваат една теоретска рамка и делумно ја регулираат кариерата и кариерниот развој на подофицерите, но не на доволно соодветен начин, поради тоа што Концептот и Водичот за подофицерите нема наредбодавна форма со одреден норматив на постапување, со што се пројавува реална потреба од донесување на **правилник за поставување и унапредување на подофицерите во Армијата.** Концептот за професионален



развој на подофицери од 2005 година и Водичот за подофицерите од 2006 и од 2008 година, се пишувани речиси пред две деценији, пред Република Северна Македонија да пристапи и да стане членка на НАТО сојузот, односно пред Армијата да изврши усогласување и еквиваленција, како на нејзината доктрина така и на нејзините стандарди со останатите НАТО партнери. Во меѓувреме настанаа многу промени во поглед на формациските состави на единиците, кои резултираа со појавување на нови и укинување на некои стари формациски места и должности на подофицерите. Во изминатиов период измените и дополнувањата на законите за служба во Армијата ги заменија чиновите заставник и заставник 1. класа со чиновите наредник и главен наредник и се воведе нова должност, прв подофицер на вод, се укинаа многу формациски места каде што подофицерите ја извршуваа должноста командир на вод (командир на вод за огнена поддршка, командир на тенковски вод итн.). Повторно се воведе чинот водник 1. класа, во рамките на Армијата 2022 година и за прв пат беше реализиран Курсот за постари подофицери (Курс за главни подофицери во баталјон). Геополитичките промени на глобално ниво, појавувањето на новите безбедносни закани, промените во начините на војување, отворањето на нови боишта со нов можен непријател и најважно, можноста за учество во борбени мисии со нашите НАТО партнери со кои се рамноправна воена сила, отвора нови предизвици со нови побарувања кон компетенциите и способностите на подофицерите во Армијата. Токму поради горенаведеното, потребно е редовно ревидирање на Концептот и на Водичот за подофицери, барем на секои 10 години, за да не се создаде дисконтинуитет помеѓу минатото, сегашноста и иднината. Потребата од донесување на детаљно разработен **Правилник за поставување и унапредување на подофицерите во Армијата** е од есенцијално значење не само поради целосно регулирање на кариерата и кариерниот развој на подофицерите, туку и поради обезбедување на врвен стручен подофицерски кадар, организиран во цврст подофицерски кор, кој како носител на извршниот дел на војската, ќе придонесе за успешно извршување не само на редовните мирновременски задачи, туку и на можните воени и борбени интервенции, бидејќи крајната највозвишена должност и задача на секој војник, единица или армија, е да излезе на бојното поле и успешно да војува, победувајќи го непријателот со минимум број на жртви во сопствените сили.

Виктор Крстевски

# Шесто место за женската екипа на Армијата



На последното Светско воено првенство во баскет 3х3 одржано во периодот 18-21 јуни 2024 година во Нови Сад, Република Србија, нашата Армија беше претставена со женската екипа која го освои шестото место во конкуренција на дванаесет екипи. Екипата на Армијата беше во следниов состав: поручник Тамара Ѓеоргиевска (капитен), поручник Неда Волчева, поручник Сара Тасевска, потпоручник Сара Илиевска. Тренер на екипата беше поручник Софија Ацковска, а шеф на делегација потполковник Милан Симјаноски. Во групната фаза беше извојувано второ место, по што беше обезбеден пласман во четвртфинале каде поради тесниот пораз од Белгија, разигрувавме за пласман од 5-8 место. Шестото место беше обезбедено со победа над БиХ и пораз од Германија.

Д.А.

# Светско воено првенство во полумаратон



Во периодот од 24 до 27 мај 2024 г., во Сараево, Р. Босна и Херцеговина се одржа Второто Светско воено првенство во полумаратон. Сместувањето на екипите беше во касарната Рајловац, а преубавото Сараево уште еднаш го положи тестот на град кој успешно ја спојува мултикултурата и традициите. Овој престижен спортски настан собра на едно место 29 нации со приближно 240 елитни натпреварувачи - атлетичари со врвни спортски перформанси и издржливост под мотото „Пријателство преку спорт“. Патеката од 21,0975 км се трчаше во паркот „Илиџа“ во непосредна близина на изворот на реката Босна, попознато како „Врело Босне“.  Нашата екипа беше во состав: мајор Игор Јакимовски, шеф на делегацијата и воедно натпреварувач, капетан Жан Тосев, пфв.Трајче Илиевски, пфв. Милош Ранчиќ, пфв. Ријад Шеипи и наредник Марија Пеликон. Нашите претставници постигнаа солидни резултати и достојно ја претставија нашата Армија.

М.П.



# Сајбер-безбедноста преку Агендата за жени, мир и безбедност

Овој напис е осврт на студија на случај за родово чувствителна сајбер-безбедност која ги истражува новите ризици што ги носат новите и модерни технологии видено преку преку родовата призма, особено онаа на Агендата за жени, мир и безбедност

Во своето обраќање на 23 мај 2022 година, заменик-генералниот секретар на САД, Розмари ди Карло, ги нагласи „значајните нови ризици“ од технолошкиот напредок. Потсекретарката го препозна напредокот постигнат од земјите членки во однос на „воспоставувањето на нормативна рамка за да се обезбеди одговорно однесување во сајбер просторот“, пред се преку Генералното собрание на ОН. Воедно, таа повика на градење консензус во однос на употребата и ризиците од дигиталните технологии, заедно со другите компоненти на заедничката агенда, вклучувајќи ја и новата Агенда за мир. Придобивките од пристапот кон сајбер-безбедноста од родова перспектива се трикратни. Како прво, тоа овозможува да се признае дека жените и другите маргинализирани групи во општеството поинаку го доживуваат и користат сајбер-просторот. Тие честопати се несразмерно оштетени од сајбер заканите или се соочуваат со одредени родови сајбер штети. Имено, родовата природа на сајбер-безбедноста се протега не само вон сајбер заканите туку и во изготвувањето и спроведувањето на политиката за сајбер безбедност. Тоа значи дена меѓународните и националните политики за сајбер-безбедност често ги занемаруваат посебните потреби на жените и другите ранливи групи кои произлегуваат од родовиот пејзаж на сајбер-закана. Застапеноста на овие групи во креирањето политики за сајбер-безбедност и развојот на технологијата е ограничена, со што се зголемува ризикот од овековечување на родовата нееднаквост преку политиките за сајбер безбедност и општата дигитализација на јавниот сервис. Затоа, едно продлабочено разбирање на сложеноста на искуствата на жените во сајбер-просторот поради структурните нееднаквости, во комбинација со одговорноста и политичката посветеност, може да резултира во поефективни политики за сајбер-безбедност. Како второ, се создава потенцијал за подобрување на пристапот на жените и другите маргинализирани групи до одредбите за сајбер-безбедност, од итен одговор до правни лекови, кои често се ограничени поради веќе постоечките дискриминаторски општествени структури. Овие групи, исто така, почесто се погодени од несакани негативни последици од државните дејства во сајбер-просторот и, како

трето, инкорпорирањето на родовата перспектива помага да се решат слепите точки во политиката за сајбер безбедност. Затоа, усвојувањето на хуманоцентричен и родово сензитивен пристап кон сајбер-безбедноста е од клучно значење за да се пополнат празнините во политиките за сајбер-безбедност создадени од пристапите насочени кон државата и бизнисот. Ваквите пристапи создаваат ограничен поглед на проценките на сајбер заканите и опциите за обезбедување сајбер-безбедност и стојат како бариера за похолистички и ефективни одговори на сајбер-безбедноста.

**Зголемен интерес за родовите перспективи во националната и во меѓународната сајбер-безбедност**

На мултилатерално ниво, свеста од потребата да се интегрира родовата перспектива во меѓународната сајбер-безбедност е видно зголемена. Во оваа насока, државните и граѓанските чинители повикаат за оваа цел да се примени Агендата за жени, мир и безбедност (WPS), заедно со меѓународните рамки и конвенции за родова еднаквост на овие политики. Но, факт е дека, помалку внимание е посветено на импликациите на Агендата за жени, мир и безбедност (WPS) и другите меѓународни рамки за формулирање на политики. Токму затоа Студијата на случај се занимава со овој јаз преку анализа на интеграцијата или неинтеграцијата на родовите и женските права во Националните стратегии за сајбер безбедност (NCS) и се обидува да разбере како грижите за сајбер безбедноста се рефлектираат или не се рефлектираат во Националните акциони планови (NAPs) за WPS и другите релевантни права на жените и инструменти за политика за родова еднаквост. Понатаму, користејќи го објективот на Агендата за жени, мир и безбедност (WPS), дополнително ја истражува и потребата од пристапи кои се чувствителни на конфликт кон сајбер-безбедноста и ризиците со кои се соочуваат популациите погодени од конфликт, жените и девојките во несигурни средини кои се погодени од конфликти како и жените и младите градители на мир.

**Интерсекционалноста и што подразбираме под „жени“ и „пол“**

Додека родовата политика за сајбер-безбедност преку Агендата за жени, мир и безбедност (WPS) става посебен фокус на жените и организациите за правата на жените, анализите и препораките дадени во Студијата на случај се однесуваат и на другите маргинализирани групи, бидејќи тие често се соочуваат со истите ранливости во сајбер-просторот и со недоволна застапеност на нивните права и потреби од политики за сајбер-безбедност. Покрај тоа, терминот „род“ опфаќа разновиден сет на родови идентитети и не треба да се користи за зајакнување на стереотипните родови улоги или бинарното разбирање на родот. Анализирањето на сајбер-безбедноста преку родова перспектива треба да се направи преку интерсекциона „леќа“, која признава дека покрај родовиот идентитет,постојат и други карактеристики на дискриминација, како што се сексуалната ориентација, расата, националноста и правниот статус, кои можат да ги интензивираат ранливостите или да создадат нови. Родовата перспектива не само што значи да се погледне ранливоста на жените и другите маргинализирани групи, туку ги опфаќа и улогите на мажите и момчињата и како патријархалните структури ги обликуваат институциите, политиките и практиките. Политиките кои се однесуваат на безбедноста на жените честопати се групирани со мерки кои се однесуваат на заштитата на децата, што е израз на патерналистички систем кој ги третира жените како малолетни на кои им е потребна заштита и им го одзема правото да се служат со .

**Препораки**

Врз основа на спроведената анализа, а со цел да се подобри родовата чувствителност на пристапите на национално ниво за сајбер-безбедноста, извештајот од Студијата на случај го препорачува следново:

- ✓ да се прошири дефиницијата за сајбер-безбедност, која би требало да вклучи хуманоцентричен пристап, со акцент на човековите права;
- ✓ да се подигне профилот на родовите прашања и да се вети „мејнстриминг“ на родот, во сите процеси на дизајнирање и имплементација на сајбер-безбедноста;
- ✓ да се зајакне улогата на граѓанското општество преку инклузивен ангажман на повеќе чинители;
- ✓ секоја мерка за сајбер-безбедност треба да се подлежи на процена за да „не направи штета“, специфична за контекстот како и да се осигураат политики за сајбер-безбедност кои се чувствителни на конфликти.

м-р Билјана Поповска
(за повеќе види: https://reliefweb.int/report/world/gendering-cybersecurity-through-women-peace-and-security-gender-and-human-rights-national-level-approaches-cybersecurity?utm_medium=social&utm_campaign=shared&utm_source=linkedin.com)





# Животната средина во растечка еколошка криза

Институтот за комуникациски студии-ИКС во партнерство со универзитети од Загреб, Нови Сад, Сараево, Призрен и Тирана организираше Конференција под наслов „Како да комуницираме за животната средина во растечка еколошка криза:практични искуства и нови перспективи"

Во Скопје, во хотелот „Холидеј ин", се одржа Меѓународна конференција „Како да комуницираме за животната средина во растечка еколошка криза:практични искуства и нови перспективи", финансирана од програмата Еразмус + како дел од проектот „Популаризирање на кампањата за животна средина преку онлајн учење и виртуелна мобилност". Учесниците на Конференцијата развија плодна дискусија во насока и со цел да се влијае врз јавното мислење за да им се овозможи на граѓаните да ги разберат еколошките проблеми и загриженоста за животната средина, како и климатските промени, но и да се зачуваат природните ресурси.
Преку онлајн тематска обработка за „Реториката во комуникацијата за животната средина во време на еколошка криза, презентирана од страна на професор доктор Франциска Ведер од Меѓународната асоцијација за комуникација за животна средина и „Ефективната комуникација за широка поддршка на еколошки движења, со акцент на „Рударење на литиум во Јадар,Србија, од страна на Златко Кокановиќ, од Граѓанска иницијатива „Не дамо јадар", Србија, учесниците беа воведени во расправата за животната средина.
Диме Меловски од Македонското еколошко друштво-МЕД одржа предавање за „Подигнување на свеста и разбирање за природните вредности, како и за „Рисот како национален бренд". Мила Јованоска од НВО „Гоу грин", се задржа на засилување на младинскиот активизам и едукација при барање на решенија за еколошки проблеми. Свое видеообраќање имаше и професор емиритус Стив Депо, претседател на Меѓународната асоцијација за комуникација на животната средина, кој зборуваше за настаните и животната средина во 21 век. За градење на климатски отпорни заедници зборуваше доктор Жанин Маер од Универзитетот во Пакау од Германија, а за подобро позиционирање на компаниите со принципите за еколошка, социјална и управувачка рамка говореше Иван Штериев, извршен директор од Македонска берза.
Медиумите и новинарството во заштита на животната средина се важна тема, за што зборуваше магистер Кирил Арсовски, уредник на веб-порталот на ИКС за животна средина наречен „Дома" (doma.edu.mk). Доктор Јована Била Дубаиќ од Биолошкиот факултет во Белград презентираше тема за комуникација со животната средина преку социјалните медиуми и инфлуенсери: зајакнување на улогата на поединците и организаторите.
Модератор и воведничар во целата конференциска презентација беше м-р Дејан Андонов од Институтот за комуникациски системи. Оваа Конференција даде видлив придонес во запознавањето со одговорностите и постапките за време на растечка еколошка криза од страна на граѓански организации и иницијативи, академскиот сектор, бизниси и јавни институции. Конференцијата даде видлив придонес во тоа како да се влијае врз јавното мислење, со акцент на тоа дека треба да се промени однесувањето и на поединците и на институциите и да се комуницира и вклучи јавноста во однос на соодветната заштита на животната средина.

Васе Митреска




Соработката помеѓу Командата на СЕЕБРИГ и општинските институции во Куманово продолжува. Промовирањето солидарност и грижата за заедницата во која функционираат останува врвен приоритет на Командата на СЕЕБРИГ.

# Интензивна соработка со Командата на СЕЕБРИГ

Кумановци и нивните пријатели од СЕЕБРИГ постојано соработуваат. Последната активност се реализираше во едно од најреномираните училишта во градот, Гимназијата „Гоце Делчев“. Командата годинава одбележува 25-годишнина од своето основање. Покрај официјалната церемонија, а во рамки на одбележување на годишнината, делегација од шест офицери, ННП (најстари национални претставници) од шест земји членки (Република Северна Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Романија и Турција) на Командата на СЕЕБРИГ, предводени од командантот на СЕЕБРИГ, ја посетија СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ во Куманово.

Делегацијата ја пречека директорката на Гимназијата, Марија Тодоровска и раководителот на Секторот за образование во Општина Куманово, Александар Јовановиќ. На средбата, генералот Билбил Битри ѝ подари на директорката на Гимназијата Плакета со знакот на СЕЕБРИГ. „Ова е прва но, секако, не и последна средба со СЕЕБРИГ. Заеднички разговараме и понудивме соработка на сите полиња. Тие изразија интерес за нашите активности. Сметам дека ова е одлична можност за сите, и за нашите ученици, за училиштето, за нив како наши сограѓани, чинители во локалната заедница“, изјави директорката на гимназијата Марија Тодоровска. При посетата на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“, командантот на СЕЕБРИГ, бригадниот генерал Билбил Битри, ги информираше учениците за историјата, мисијата и визијата, за структурата и локацијата и за главните социјални активности на СЕЕБРИГ. Последната активност беше реализирана во СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово, во соработка со Секторот за образование при Општина Куманово. Учениците од сите средни општински училишта имаа можност да слушнат што претставува Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ и да се запознаат со работата и активностите на Бригадата. Обуката беше од интерактивен карактер и ја реализираше генералот на Бригадата, Билбил Битри, а присуствуваа и претставниците на нациите во СЕЕБРИГ. „Соработката на Општина Куманово со Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ ќе продолжи и во иднина со уште повеќе активности“, изјави раководителот на секторот, Александар Јовановиќ.

Општина Куманово имаше прекрасна соработка со СЕЕБРИГ и во минатото, а таа соработка продолжува и денес, рекоа претставниците од образованието. Изминативе години беа реализирани многу проекти, а соработката се интензивираше за време на пандемијата со вирусот КОВИД-19. Паралелно на тоа, СЕЕБРИГ реализираше и многу активности со општинските основни и средни училишта, спортски и екоактивности, работилници и предавања, кои беа дел од активностите кои СЕЕБРИГ ги реализираше со учениците и наставниците. Во февруари, Командата донираше техничка опрема за Фондацијата за култура и спорт и засади дрвца во Соколанскиот парк.

Соработката помеѓу припадниците на Бригадата и кумановци веќе стана традиција и се проширува во сите аспекти од живеењето во ист град, иста локална заедница. Учества во заеднички акции за пошумување, донации за училишта, институции стана дел од секојдневието на припадниците на Командата.

Бригадата на Југоисточна Европа е формирана во 1999 г., врз основа на договорот за регионална соработка на полето на одбраната, познат како Договор за мултинационални мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ), кој во 1998 г. во Скопје го потпишаа министрите за одбрана на: Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Северна Македонија, Романија и Турција. Според Договорот за формирање на Бригадата, локацијата на Командата на СЕЕБРИГ постојано ротира. Република Северна Македонија е домаќин на Командата на Бригадата која е лоцирана во Куманово, до 2026 г., која е сместена во касарната во Куманово. Оттогаш, при неколку наврати се покажа одличната соработка, поддршка и помош помеѓу кумановци и претставниците на Бригадата. Освен воените аспекти на своите активности, Бригадата СЕЕБРИГ е посветена на придонес кон локалната заедница и промовирање на солидарноста и грижата за новата генерација.

Александра Максимовска



# Битка за Британија

Битката за Британија е една од најважните битки во Втората светска војна. И во неа, како и во многу други големи битки, победи страната што ја бранеше својата татковина од странски агресор. Кралските воздухопловни сили покажале голема вештина, знаење и способност, но и храброст, решителност и мотивација, бранејќи ја Британија во нејзините најтешки моменти во историјата.

Од почетокот на Втората светска војна, која започнала на 1 септември 1939 година, со германскиот напад на Полска, па сè до почетокот на Битката за Британија, Германија со силата на оружјето или пак, со политички притисоци, успеала да совлада и на своите интереси и диктатура да им потчини тринаесет европски земји, меѓу кои и една од водечките светски сили, Франција. Одеднаш, долго подготвуваното вооружување, военaта опрема и резервите, како и индустриските потенцијали на развиените држави од Западна Европа се нашле во рацете на Германците. Благодарение, меѓу другото, на тие потенцијали, германската армија станала најголема и најмоќна вооружена сила во историјата на човештвото. Главна грижа на Хитлер во тоа време било да ја заврши војната со Велика Британија, која била единствена држава која можела да им се спротивстави, со оглед на тоа дека на 23 август 1939 година со Советскиот Сојуз бил потпишан меѓународен договор, формален пакт за ненапаѓање. Помеѓу јуни 1940 и јуни 1941 година, Велика Британија била сама во борбата против нацифашизмот, но Британците ја надминале најголемата криза за потоа да ја продолжат борбата заедно со Советска Русија и САД, како главни сојузници.

Хитлер се надевал дека после поразот на Франција, Велика Британија ќе прифати компромисен мир, пред сè поради тоа што барал Велика Британија да му ги врати поранешните германски колонии и да ја признае германската хегемонија во Европа. Сепак, Черчил во своето обраќање до Велика Британија и САД, на 14 јули 1940 година, недвосмислено изјавил дека се подготвени за секаков вид на изненаден напад и долготрајна опсада, додавајќи дека нема да прифати никакви услови ниту пак ќе се впушта во било какви преговори. Во таква ситуација Хитлер донел одлука да изврши инвазија на британските острови. На 16 јули 1940 година, ја издал Директивата бр.16, за подготовки на десантната операција „Морски лав“. Меѓутоа, Хитлер брзо увидел дека оваа одлука била избрзана, пред се, поради фактот дека Германија немала надмоќност на море. Тоа било причина, на 1 август 1940 година, да ја издаде Директивата бр.17 која предвидувала воздушна офанзива. Хитлер сметал дека на непријателот ќе му нанесе смртоносен удар, со што ќе го подготви теренот за десант на своите копнени сили. Сметал дека најпрвин треба да биде неутрализирана британската авијација. Секундарните цели биле да се уништи производството на авионите и копнената инфраструктура, како и да се тероризира британскиот народ и како резултат на тоа, Велика Британија да побара примирје или да се предаде. Тешко е да се одреди кога точно започнала и завршила Битката за Британија, а до крајот на истата ниту една од страните не успеала да стекне надмоќ над непријателот. Сепак, со оглед на тоа дека Британците успеале да ги принудат Германците целосно да ја одложат операцијата Морски лав, може да се каже дека оваа битка е првиот неуспех на нацистичка Германија. Победата на Велика Британија може да се види и во односот на изгубени

авиони. РАФ загубил околу 900 авиони додека Луфтвафе изгубил околу 1700 авиони.
Првата воздушна битка се случила на 24 јули 1940 г., со нападот на конвој на устието на реката Темза. Официјално, германската офанзива започнала на 13 август 1940 г., добивајќи го името „Орлов напад“. Еден месец подоцна, на 24 август нацистите извршиле напад на Лондон и од тогаш наместо воени цели Германците продолжиле со напади на претстолнината и другите поголеми градови. Од почетокот на септември, до средината на ноември, со исклучок на само една ноќ, британските градови биле бомбардирани од просечно 200 авиони. На 15 септември, во нападот на главниот град учествувале неверојатни 1000 авиони (200 бомбардери и 800 ловци). Согледувајќи ја ситуацијата, германската Врховна команда на 2 ноември одлучила десантот да се одложи за пролетта 1941 година.
На почетокот на декември Британците почнуваат да добиваат превласт во воздухот, а британските авиони ги бркале германските преку каналот Ла Манш, до францускиот и белгиско крајбрежје. Германските напади почнале да слабеат, а Хитлер започнал да ги префрла своите сили на исток, за напад на Советскиот Сојуз.
Нацистичка Германија ја нападнала Британија со 2.600 авиони Луфтвафе, 1.200 бомбардери, 280 бомбардери, 760 ловци со еден мотор, 220 двомоторни ловци, 140 авиони за извидување, заедно со Петтата воздушна флота во Норвешка која броела 190 авиони. Наспроти нив стоел RAF (Royal Aircraft Force) која имал 1.171 авион. На почетокот на јуни Британија имала 446 исправни ловци, додека во август, кога започнала битката располагале со 704 ловци и 450 бомбардери.
За време на бомбардирањето децата масовно биле испраќани на северот од земјата, додека животот во Лондон се префрлил во подземната железница, каде биле лоцирани болниците и пазарите, дел од британски министерства, а голем дел од населението ноќите ги минувало таму. Надмоќта во воздухот над својата територија, РАФ ја должи на исклучителниот напор на луѓето, висококвалитетното и вешто користење на борбената авијација, како и примената на радарската технологија во воздушната одбрана. Веќе во летото 1940 г. Британија долж целиот источен брег имала поставено низа од радарски станици за брзо откривање на германските авиони што дало голем придонес во самиот исход на битката. Исто така за одбрана од воздух се користени и околу 2000 против-воздушни топови и 3000 против-авионски митралези како и околу



1500 преградни балони - аеростати. Иако неусовршени, тогашните радарски ситеми биле во состојба да регистрираат летала дури на далечина од 160 км, па тоа во голема мера ги спречувало изненадните напади на кои што посебно водела сметка германската команда.
Битката за Британија е една од најважните битки во Втората светска војна. И во неа, како и во многу други големи битки, победи страната што ја бранеше својата татковина од странски агресор. Кралските воздухопловни сили покажале голема вештина, знаење и способност, но и храброст, решителност и мотивација, бранејќи ја Британија во нејзините најтешки моменти во историјата.
Многу историчари се согласни дека Британците ја добиле оваа битка поради интелигентните решенија на членовите на Советот на воздухопловните сили, кои ја отфрлија теоријата дека „бомбардерите секогаш ќе се пробиваат“. Тие биле убедени дека има одбрана од бомбардери, па затоа се фокусирале на изградба на поевтини и пофлексибилни ловци на кои им треба многу помалку време за производство. Токму поради победата на Британците, операцијата „Морски лав“ никогаш не била целосно лансирана од причина што германската морнарица не успеала во својот првичен план - слетување на британскиот брег, бидејќи Луфтвафе не го спровела својот првичен план да ја уништи британската одбрана во рок од три до четири недели. Битката за Британија е една од најголемите воени операции, во раната фаза на Втората светска војна. Таа има огромна политичка и воена тежина, и истата е од особено значење за понатамошниот тек на Втората светска војна и во голема мера придонесе за севкупната победа на сојузниците во Атлантикот и во Западна Европа.

м-р Игор Дамјаноски





# „Скорпиите“ од 2. пешадиски баталјон ја докажаа својата професионалност и врвна обученост на терен

Припадниците на Извидувачкиот вод и на Снајперското одделение од 2. пешадиски баталјон, заедно со дел од припадниците на Четата за воено разузнавање и со Инженерискиот баталјон, од 4 до 7 јуни 2024 година, во реонот на Пониква, Кочанско, реализираа заедничка обука за исхрана во природата, каде што носители на актвноста беа припадниците од 2. пешадиски баталјон. Слушателите, водени од искусните инструктори, постарите водници 1. класа, В.К. и А.М., се стекнаа со потребните знаења и вештини кои ќе можат да ги искористат како алтернативни начини за преживување на бојното поле во најразлични ситуации, кога логистичкото обезбедување, поради изведување борбени дејства, не би можело да ги снабди единиците на терен со потребните ресурси (храна, вода итн.). Извидувачките единици или други борбени единици, кои имаат задача собирање на информации за непријателот и за теренот на боиштето, во случај на реално војување можат да се најдат во три ситуации: да бидат инфилтрирани (уфрлени) во непријателска територија, да се најдаат во опкружување или да бидат распоредени во предниот крај на линиите на осигурување, при што во сите три ситуации присуството на непријателските војници е зголемено, додека движењето низ боиштето е ограничено. Потребата од „маскирност“ во овие ситуации е на највисоко ниво, употребата на моторни возила или на воздухопловни летала е ограничена поради тоа што лесно може да се забележат немаскирани. Војниците со себе мора да носат резерви од муниција, храна, вода и друг дополнителен товар во ограничена количина, поради зголемувањето на потребното борбено оптоварување на војникот, кое изнесува една третина од неговата вкупна тежина или, 27 килограми. При изведувања на борбени дејства, тежината на борбениот товар изнесува 15,5 кг, додека при продолжени дејства на марш, тежината

изнесува 9,8 килограми. Тежината на борбениот товар, во услови на ангажирање на ридско-планински терен со надморска висина над 1500 метри, се намалува и до 50% поради обезбедување подвижност на војниците, која изнесува просечно 2 до 3 км на час. Војниците, ги трошат нивните лични ресурси (муниција, храна, вода итн.) според принципот на „три третини“, каде што првите две третини од кој било ресурс, војникот ги троши самоиницијативно, според лична процена, додека за последната третина го известува командирот, којшто одлучува, дава насоки и менаџира со начинот на трошење на ресурсите, во однос на сознанијата за можностите на логистичко снабдување, постоење на стационарни и мобилни логистички станици за снабдување, како и можности за доставување (дотур) од копно и воздух, бидејќи војниците и единиците, во ниеден случај, не смееат да останат на терен со целосно потрошени ресурси. Ако постои потреба војниците подолго од предвиденото време да се задржат на терен, кога две третини од водата за пиење и хранливите продукти се веќе потрошени, во тој случај командирот треба да нареди преминување кон алтернативни начини на снабдување со вода, храна и огревен материјал, односно користење на сите расположиви ресурси од природата и на се она што природата може да го понуди.





Слушателите беа запознаени и со тоа што е најзначајно за опстојување во природно опкружување, според редоследот засолниште, оган, вода и храна, при што тие се обучија за изработка на огништа со мали демаскирачки знаци (чад, пламен и светлина), од типот на „дакота“ огниште, планинарски и шведски оган кои, освен што треба да создадат загревање, треба да послужат и за приготвување на храна и за превривање на вода, којашто би можела да се пие. Исто така, слушателите имаа две работни точки за обука на темите: „Изработка на средства за ловење и собирање на дивата флора и фауна“ и „Прочистување на водата за пиење со прирачни средства“, „Изработка на објекти за подготовка на храната“, „Класификација на артиклите на употребливи и неупотребливи и нивната подготовка за исхрана (за јадење).

На првата работна точка беше извршена презентација на замки за ловење дивеч и средства за ловење на риби и влекачи, како и запознавање со табелата на потребната количина калории кои војникот треба да ги внесе за да може нормално да функционира, каде што потребниот минимум на калории за женско лице изнесува околу 1600 калории, додека за машко лице изнесува околу 1800 калории на ден. Кога се работи за планинско војување дневната потреба за калории се зголемува и таа изнесува од 4000 до 6000 калории. Војниците, исто така, беа запознени и со темата „Исхрана во природа“ од Прирачникот за стручноспецијалистичка обука во теренски услови на војниците од интендантската служба, поконкретно за делот кој се однесува на калоричната вредност на месото од дивите животни, односно кое диво животно колку калории има на 100 грама од неговото месо, со цел да се стекне увид колку диви животни е потребно дневно да се уловат за да се обезбеди дневната минимална количина на калории.

На втората работна точка војниците беа запознаени со алтернативните начини на собирање вода за пиење (планински извори, дождовница, вода од утринска роса, брезова вода итн.), како и со начините на пречистување на водата. По извршената обука на работните точки за обука, војниците беа поделени во групи и упатени во различни правци, со цел пронаоѓање на траги кои укажуваат присуство на диви животни, регистрирање на карта, места на задржување на дивите животни како природни хранилишта и поилишта, поставување на замки за ловење на дивите животни (и нивно отстранување после завршената обука), собирање на хранливи артикли од природата, нивна класификација и подготовка, како и пронаоѓање на извори на вода на карта и во природата во реонот на задржување, собирање и прочистување на водата. Секој припадник можеше лично да се увери колку природата во исто време може да биде и дарежлива и недарежлива, и колкава е реалната потреба од развивање на вештините за преживување и опстанок во природно опкружување. Теренската активност беше завршена со дружење покрај логорскиот оган и размена на искуства и на знаења кои слушателите ќе треба да ги усовршат и да им ги пренесат на нивните колеги понатаму, кога ќе се изведува ваков вид на обука.

Виктор Крстевски



# Обука за борбено нуркање на припадниците на Баталјонот за специјални сили „Волци“ во водите на Охридското Езеро

Обуката за борбено нуркање на специјалните сили е особено тежок тренинг кој бара силен ментален став, добра пливачка способност, одлична физичка кондиција, како и способност да се чувствувате удобно во вода. Обуката се изведуваше во водите на Охридското Езеро, каде борбените нуркачи имаат идеални услови за изведување на обуката. Припадниците на Баталјонот изведуваа редовна обука во изведување на операции на водени површини и под вода. За разлика од рекреативното нуркање, борбеното нуркање приоритет дава на прикриеноста, ефикасноста, елементот на изненадување на секој потенцијален непријател и способност за неутрализирање. Затворениот систем за нуркање кој го користат борбените нуркачи од оваа елитна единица овозможува елиминација на меурчиња кои вообичаено ги имаат рекреативните системи за нуркање. Ова овозможува специјалистите неприметно да се инфилтрираат или ексфилтрираат на пловен објект или на копно. Ладните води на езерото, температурните флуктуации, ефикасното менаџирање со гасовите кои ги користи затворениот систем за нуркање, длабинскиот притисок и ограничената видливост се само еден дел од елементите при извршување на борбената мисија а кои нашите „Волци“ ги имаат усовршено до перфекционизам. Задачата на борбените нуркачи не завршува со самото нуркање туку продолжува на пловило, да вршат задачи од вода на копно и обратно како и да извршуваат спасувачки мисии или помош на останатите државни институции при пронаоѓање на давеници.







# Француска автоматска пушка FAMAS „F1“

Името на пушката FAMAS е кратенка од зборовите **F**usil **A**utomatique **M**anufacture d`**A**rmes de **S**t.Etienne. Според градбата, пушката припаѓа во класата на bullpup-огнени оружја, односно тоа се оружја каде склопот од механизмот на чкрапалото и склопот на затворачот се сместени во задниот дел или кундакот на пушката (позади чкрапалото со пиштолскиот ракофат). За изработка на пушката се користи полимер, челик и дуралуминиум. Автоматската пушка FAMAS „F1“ делува на принципот, слободен затворач со одложен повратен удар. Основното расклопување за чистење на пушката е едноставно и се изведува без специјални алатки. Расклопувањето се изведува со притискање и извлекување на две спојни нитни (чивии), од кои едната го фиксира полимерскиот кундак, а втората полимерската рачка за носење. Одкако ќе се извадат овие два дела се доаѓа до внатрешноста на оружјето, односно дуралуминиумскот сандак, во чии склоп доле е поставено куќиштето на механизмот од чкрапалото, горе е поставен носачот на затворачот со затворачот, а напред е поставена цевката со нејзините склоп елементи. За да се извади од сандакот, куќиштето на механизмот од чкрапалото или носачот на затворачот, прво треба со врв од куршум или друга чивија да се притисне внатрешната чивија наменета за нивно фиксирање во сандакот. Централно поставените лостови на селекторите на стрелба, лостот за ослободување на рамката за муниција и рачката за репетирање, овоможуваат лесно ракување и со десната и со левата рака. Доколку има потреба пушката прилагодена за стрелец деснак да се преиначи за користење на стрелец-левучар, единствено што треба да се промени е позицијата на маската/штитникот, која е поставена над отворот за исфрлување на чаурите и извлекувачот на чаури да се постави од другата страна на затворачот. Инаку, штитникот на чкрапалото може да се изротира за 180 степени нанапред, со цел поефикасно ракување при носење рукавици.Лостот од селекторот за стрелба е поставен пред самото чкрапало и поседува 3 позиции: закочено (0), единечна стрелба (1) и рафална стрелба (R). Но, освен овој селектор, пушката поседува уште еден лост од селектор за стрелба, наменет за ограничен рафал од 3 куршуми со две позиции 3 и 0, кој е поставен под кундакот, односно вграден во долниот дел од куќиштето на механизмот од чкрапалото.Цевката на пушката е внатрешно хромирана и поседува 3 внатрешни жлебови со десен од на ротација чии круг се затвара на 305 mm, а како опција на клиентите се нудела и верзија со 228 mm. Инаку цевката има издржливост од 10.000 истрелани куршуми или 420 истрелани тромблонски мини. Верзијата FAMAS „F1“ користи челична рамка за муниција со кутијаста форма која поседува капацитет од 25 куршуми.На цевката од пушката на посебни носачи се поставени предниот и задниот нишан. Предниот нишан е конус со шилец и може да се подесува бочно, додека задниот нишан е диоптерски и се подесува по далечина, воедно поседува клапна со два отвори, едниот (помалиот) е за добра видливост, а вториот (поголемиот) е за услови со намалена видливост. За дејствување во ноќни услови нишаните се означени со трициум. Двата нишани се заштитени со рачката за носење, на која горниот дел и е во форма на буквата „U”, со цел полесно насочување кон целта.

За да поседува поголема боева моќ, пушката е приспособена за истрелување на различни тромблонски мини: противпешадиска, противоклопна, комбинирана (противпешадиска и противоклопна) мина, светлечка, димна и вежбовна. За истрелување на тромблонска мина се користи посебна рамка за муниција со само еден посебен куршум, но некои тромблонски мини поседуваат фаќач на зрно од стандарден куршум кој се користи за нејзино лансирање. Ефикасен дострел на тромблонска мина со непосредна стрелба изнесува максимум 100 m, а со посредна стрелба под агол од 45° изнесува максимум 360 m. Модуларниот дизајн на пушката и овозможува прифаќање на различна опрема, како на пример: бајонет (се поставува над цевката), лансер на гранати, Weaver или Picantinny-шини на кои можат да се поставуваат различни видови на оптички нишани, ноќни нишани, ласерски нишани и колиматорки или нишани „red dot“. Кавлитетната изработка на оружјето овозможува експлатација при температури од -40°C до +51°C. Од пушката FAMAS се развиени неколку верзии и тоа: „F1“, „F3“, „G1“, „G2“, FAMAS FELIN, FAMAS „Commando“ и други. Верзии од пушката FAMAS се користат во повеќе од 10 армии или полициски едници во светот.

Ивица Дамески




**Објаснување на пресек-сликата**

**1.** Дел од полимерскиот кундак во кој е вграден амортизер за намалување на повратниот удар при стрелба

**2.** Носач на затворач, затворач и ударна игла

**3.** Маска која може да се поставува од левата или десната страна наменета за заштита на лицето

**4.** Заден механички нишан

**5.** Рачка за репетирање

**6.** Преден механички нишан

**7.** Рачка за носење од полимер

**8.** Тромблонски нишан во склопена состојба

**9.** Распрснувач на пламенот/ компензатор на истрел, со должина од 35 mm

**10.** Цевка со калибар 5,56 mm

**11.** Утврдувач на тромблонска мина

**12.** Преден ракофат од полимер








**13.** Ногарки во склопена состојба (со фиксна должина)

**14.** Селектор на стрелба со 3 позиции (0, 1 и R)

**15.** Штитник на чкрапалото

**16.** Чкрапало

**17.** Позиција за ослободување на штитникот од чкрапалото кога се носат ракавици

**18.** Заден ракофат од полимер со внатрешно магацинче за приборот за чистење

**19.** Утврдувачки спојни нитни (чивии)

**20.** Лост за ослободување на рамката за муниција

**21.** Рамка за муниција со капацитет од 25 куршуми

**22.** Заден селектор на рафал со 2 позиции (3 и 0)

**23.** Удирач на ударната игла

**24.** Механизам на чкрапалото сместен по полимерко куќиште

**25.** Гумен дел од кундакот

| Тактичко-технички карактеристики на FAMAS „F1“ | |
|---|---|
| **Калибар/муниција** | 5.56x45 mm |
| **Должина** | 757 mm |
| **Должина со бајонетот** | 965 mm |
| **Должина на цевката** | 488 mm |
| **Должина на нишанска линија** | 330 mm |
| **Широчина** | 48.8 mm |
| **Тежина на пушката (нето)** | 3.61 kg (без ремник, рамка за муниција и ногарки) |
| **Тежина на празна рамка за муниција** | 150 gr |
| **Тежина на полна рамка за муниција** | 450 gr (со 25 куршуми) |
| **Тежина на бајонетот** | 480 gr |
| **Тежина на ногарки** | 170 gr |
| **Тежина на ремникот** | 150 gr |
| **Теоретска брзина на стрелба** | 1.000 куршуми во минута |
| **Брзина на проектилот на излез од цевката** | 960 m/s |
| **Ефективен дострел** | 300 m |

*Податоците се преземени од Прирачникот за користење на производителот*




# Авион „Embraer C-390 Millennium“

Еден од најпознатите латино воздухоплови е „Embraer C-390 Millennium“, воен транспортен авион со средна големина, со два мотори на млазен погон, дизајниран и произведен од познатиот бразилски производител во авионската индустрија „Embraer“ (Empresa Brasileira de Aeronáutica)

„Embraer“ е мултинационална воздушна корпорација која дизајнира, произведува и продава комерцијални, цивилни и воени авиони. Компанијата „Embraer“ е третиот најголем производител на цивилни авиони после големите и познати компании „Boeing“ и „Airbus“. Основана е во 1969 г. од бразилската влада како национален капацитет за домашна воздухопловна технологија. Компанијата најпрвин се фокусирала на производство и снабдување со воени авиони за бразилските воздухопловни сили. Во таа насока, бразилската влада придонела за раниот раст на „Embraer“ со обезбедување договори за производство, а компанијата продавала исклучиво на домашниот пазар, се до 1975 година. Од 1980-тите започнала да произведува серија од успешни патнички и регионални авиони за извоз. Како дел од клучната политика на економски либералната влада, во 1994 г. компанијата била приватизирана што и помогнало да избегне банкрот, а бразилската влада го задржала интересот преку поседување златни акции кои и дозволуваат право на вето.  Во првиот квартал од 2023 г., флотата на бразилските воздухопловни сили од „C-390 Millennium“ акумулирала повеќе од 8.000 часови налет, учествувајќи на саеми за воздухопловство и извршувајќи мисии на сите континенти, вклучително и на Антарктикот. На крајот од месец март 2023 г., авионот го добил конечниот сертификат за тип, достигнувајќи целосна оперативна способност.

Авионот „Embraer C-390 Millennium“ е најтешкиот авион во својата категорија што компанијата го конструирала до денес. До 2006 г. компанијата проучувала воен тактички и транспортен дизајн со слична големина на „Lockheed C-130 Hercules“. Во април 2007 г. компанијата јавно изјавила дека овој транспортен авион вклучува многу од технолошките решенија присутни во серијата „Embraer E-Jet“. Поддршка за потфатот следувал од бразилската влада и од бразилските воздухопловни сили. Во текот на 2008 г., владата инвестирала 450 милиони долари во развој на проектот со овој тип на авион (дизајнот бил целосно нов во однос на трупот, крилата, кабината и избор на моторите). Истовремено, бразилските воздухопловни сили биле во процес на финализирање на првичниот договор за купување помеѓу 22 и 30 авиони, додека компанијата преговарала со можните партнери за програмата. Наредната г., компанијата добила дополнителен договор од 1,5 милијарди долари за два прототипа. Со очигледниот брз и успешен развој на програмата, следувало потпишување договори со други земји за влез во програмата со свое учество. На 24 август 2010 г., министрите за одбрана на Чиле и Бразил потпишале договор со кој чилеанската компанија за авиони ENAER требало да се приклучи на индустрискиот тим за Embraer. Истата година аргентинската министерка за одбрана објавила дека и Аргентина ќе учествува во програмата. Понатаму Колумбија потпишала договор за учество во програмата „C-390“, а министерот за одбрана на Португалија потпишал писмо за намери, со цел да се приклучи на програмата. Откако е основана во 1969 г., компанијата „Embraer“ испорачала повеќе од 8.000 авиони. Во март 2010 г., компанијата подготвила распоред за развој, според кој првиот прототип на авион требало да биде испорачан кон крајот на 2014 г.година. Истата година на саемот Farnborough International Airshow (втор по големина после Париз), бразилските воздухопловни сили ја објавиле својата намера да нарачаат 28 авиони „C-390 Millennium“, додека „Embraer“ најавил дополнително зголемување на товарниот капацитет на авионот. Првото претставување со детално објавување

на плановите се случило на најголемиот меѓународен настан, односно на саемот за воздухопловство во Париз во 2011 година Биле формирани партнерства за програмата со познати воздушни компании, а главните подизведувачи во производството на авионите биле компаниите: „Aero Vodochody“, „BAE Systems“ и „Rockwell Collins“. Од соработката со големите компании, посебно се истакнува партнерството со „Boeing“. Во текот на 2012 г., американскиот воздушен гигант „Boeing“ и „Embraer“ потпишале договор за соработка во делот на понатамошниот развој на „C-390 Millennium“, со можност за проширување на продажбата. Компанијата „Boeing“ се согласила да го пласира авионот во САД, ОК и Блискиот Исток, врз основа на Меморандум за разбирање од јуни 2012 г.. Сепак, плановите за соработка, планираните заеднички потфати и можноста за формирање нова компанија со заедничко вложување, промовирање и развој на нови пазари (во форма на нова компанија „Boeing Embraer – Defence“ и со поделба на сопственоста со 51% од акциите за „Embraer“ и 49% за „Boeing“), во 2020 г. биле прекинати. Едниот авион од двата прототипови го извршил својот прв лет на 3 февруари 2015 г., а 4 години подоцна, првиот производствен авион бил доставен до бразилските воздухопловни сили. Истата година за време на воздушниот саем во Дубаи, „Embraer“ го објавил новото име на авионот за глобалниот пазар, „C-390 Millennium“. Биле обезбедени и неколку извозни клиенти, вклучувајќи ги португалските воздухопловни сили, унгарските воздухопловни сили, кралските холандски воздухопловни сили и други.

**Карактеристики**

Максималната тежина на полетување од 87 тони и неговиот модерен дизајн дозволува флексибилни операции, односно внатрешната и надворешната конфигурација на авионот може брзо да се заменат (да се реконфигурира за помалку од три часа), со цел да се приспособат за различни мисии. Со носивост на товар од 26 тони, воздухопловот може лесно да се конфигурира и да врши различни конвенционални операции како што се транспорт на војници, карго транспорт, извршување хуманитарни мисии, медицинска евакуација, пребарување и спасување, гасење пожар од воздух, како и специјализирани логистички операции. Овие мисии вклучуваат полнење гориво од воздух како танкер, транспорт на два оклопни транспортери „M113“ (Armored Personnel Carrier), едно оклопно возило „Boxer“ (Armoured Fighting Vehicle), хеликоптер Sikorsky (Lockheed Martin), транспорт до 84 војници, 74 носилки со повредени или 66 падобранци со целосна опрема, како и товар до 19 тони кој може






да се испушта од воздух (воздушен карго десант). Верзијата на авионот за дневно и ноќно воздушно надополнување со гориво е насловена како „KC-390“. Во авионот е вградена модерна технологија и софтвер за мисија за да му помогне на екипажот во извршувањето на операциите. Во февруари 2021 г. „Embraer“ и бразилските воздухопловни сили испратиле еден авион во САД за да се подложи на тестирање под екстремно студени услови. Опремен е со модерни контроли за летање, што го намалува обемот на работа на екипажот во однос на конвенционалните модели и дозволува фактори на оптоварување. На авионот се инсталирани: систем за ракување со товар и воздушна испорака, системи за навигација (кои вклучуваат инертен систем за навигација INS и GPS), систем за намалувањр на бучавата и вибрациите, систем за избегнување судир (TCAS), тактички радар, апликации во делот на центарот за командување и контрола, како и во делот на разузнавање, надзор и извидување. За целите на самоодбрана може да биде опремен со систем за самоодбрана и балистичка заштита со покриеност од 360°, што го зголемува неговиот капацитет да работи во непријателски средини. Со цврстиот дизајн и докажаната најсовремена технологија издржува операции во сурова средина на полуподготвени и оштетени писти (кратки и импровизирани писти). Првата меѓународна мисија на авионот била после експлозијата во Бејрут во 2020 г. каде биле испратени авионите со неколку тони лекови, храна и медицинска опрема за да се обезбеди итна помош. Во февруари 2021 г., за време на оперативна вежба во Луизијана, Соединетите Американски Држави, „KC-390“ извршил заеднички летови со американските воздушни сили и со авионите од типот „C-17“ и „C-130“, со ноќни скокови на околу 4000 падобранци.

Драган Павловски




# „Rosomak“, оклопно модуларно возило

> Оклопните модуларни возила „Kolowy Transporter Opancerzony (KTO) Rosomak (AMV)“ се развиени од страна на „Rosomak“, компанија во рамките на Полската група за вооружување, наменети пред сè за полските вооружени сили. „Rosomak AMV“ 8x8 е дизајниран да обезбеди подобра мобилност како на патот така и надвор од патот, слично како на возилата со гасеници“

„Rosomak“ 8×8 AMV е возило од најновата генерација изградено врз модерниот концепт на компанијата и е дизајнирано да ги исполни барањата на бојното поле. Финскиот давател на одбрански и безбедносни услуги „Patria“ доби договор за снабдување со возила КТО „Rosomak“ на полската армија во соработка со компанијата „Rosomak“ во 2002 г. Двете компании ги здружија силите со италијанската „OTO Melara“, производител на платформи за оружје, за да ги развијат возилата. Првичниот договор беше потпишан за 690 оклопни возила во десет различни варијанти. Првичните возила беа произведени во Финска, додека главното сериско производство се одвиваше локално во Полска, а испораките се случија помеѓу 2004 и 2013 г. Во септември 2022 г. „Rosomak“ ја објави имплементацијата на програмата „Midlife Upgrade“ (MLU) за возилата на „Rosomak“, за да го продолжи времетраењето на возилата. Програмата MLU се состои од три компоненти – MLU 1, која го проширува стандардното обновување на возилото за десет години; MLU 2, што носи значителни подобрувања на возилата на ниво на програмата и MLU 3, која се фокусира на создавање возила од нула. Полска доби нарачка за 100 оклопни транспортери „Rosomak“ (APC) од Украина во април 2023 г. Возилата се произведуваат во објектот на компанијата во Сиемјановице Слаские. Оклопните транспортери на „Rosomak“ стапија во служба во вооружените сили на Украина во август 2023 г. Проектот „Patria Technology Transfer Poland“ беше инициран во 2003 г., со цел да се пренесат производствените податоци и експертиза на „Rosomak“ и неговите вработени. Производните капацитети во Сиемјановице беа целосно модернизирани за да ги исполнат индустриските стандарди за квалитет. Договорот меѓу „Patria“ и „Rosomak“ беше структуриран да обезбеди локализација на возилото со користење локални материјали и компоненти произведени од домашни компании, што беше познато и како „полонизација“. „Rosomak“ ја набави технологијата на производство за оклопното модуларно возило „Patria“ и склучи неколку договори за подизведувачи во истиот период.

Полските вооружени сили ги добија првите возила „Rosomak IFV“ од домашно производство од производствениот погон „Сиемјановице“ помеѓу 2005 и 2008 г.. До 2009 г., неколку возила на „Rosomak“ беа постојано распоредени во Авганистан, во Чад и во Централноафриканската Република. Обемот на полонизација се продлабочи до 2012 г., при што транспортерот сочинува 94% од вредноста, постигната преку учество на повеќе од 120 локални компании во синџирот на снабдување. „Rosomak“ и „Patria“ потпишаа договори за проширување на производството на КТО „Rosomak“ во Полска, додавајќи 200 дополнителни единици возила во





| Спецификации на оклопното модуларно возило „AMV Rosomak | |
|---|---|
| должина | 7,9 метри |
| широчина | 2,8 метри |
| висина | 2,5 метри |
| тежина | 16-26 тони |
| носивост | 15 тони |
| посада | 3+8-10 војници |
| автономија на опсег | 500-700 км |
| максимална брзина на пат | 100 km/h (62 mph) |
| совладување на наклон | од 60% |
| совладување на страничен наклон | 30% |
| совладување на вертикална препрека | 0,7 м |
| совладување на ров | 2 м |
| совладување на водена препрека | 1,5 м |
| брзина на пловење | 10km/h |

различни варијанти помеѓу 2013 и 2017 г. Полска произведе приближно 900 возила „Rosomak“ во различни верзии до 2023 г. Производството и соработката помеѓу „Patria“ и „Rosomak“ сè уште е силна, и покрај завршувањето на трансферот на технологијата „Patria“ во 2005 г.

„Rosomak“ 8×8 AMV е долг 7,9 метри, широк 2,8 метри и висок 2,5 метри. Тежи помеѓу 16.000 и 26.000 килограми, во зависност од варијантата. Неговиот работен опсег е помеѓу 500 и 700 км. Максималната брзина на движење е 100 км/ч, додека максималната брзина за движење по вода е 10 км/ч. „Rosomak“ AMV обезбедува флексибилна модуларност, што овозможува лесно приспособување на различни улоги. Хидропневматската, модерна суспензија на возилото го олеснува брзото приспособување на различни услови на возење. Други карактеристики на ова возило се: конструкција на рамката на шасијата, голем капацитет за носивост, што овозможува интеграција со системи за оружје од голем калибар, простран оддел за екипаж и флексибилна приспособеност на различна балистичка заштита според барањата на корисникот.

**Варијанти на „Rosomak“ 8×8**

Модуларниот дизајн на „Rosomak“ 8×8 овозможува инсталирање на различни компоненти кои се погодни за различни потреби на мисијата, без да се менуваат основните системи на возилото. Борбено возило на пешадијата на тркала „Rosomak“ 8×8 располага со купола Hitfist од 30 мм и може да носи шест до осум пешадиски војници, заедно со стрелец, командант и возач. Варијантата на меѓународните сили за безбедност и помош (ISAF) на Rosomak 8×8 е дизајнирана за борба и е опремена со купола Hitfist 30 мм. Може да транспортира до шест војници во задниот оддел за посада, заедно со стрелец и командир. Оклопното модуларно возило „Rosomak“ со лесна купола може да биде опремено или со митралез од 12,7 мм или 7,62 мм и фрлач на гранати од 40 мм.Оклопниот транспортер „Rosomak“ 8×8 (APC) служи како основа за минофрлачкиот систем од 120 mm „Rak33“, додека „Rosomak-S AMV“ е дизајниран за транспорт и лансирање на противтенковски наведувани ракети SPIKE.Техничкото извидувачко возило „Rosomak“ (APC-TRV) беше развиено за да им помогне на воените единици кои управуваат со оклопното модуларно возило „Rosomak“. Верзијата „Medevac“ на „Rosomak“ е конструирана со помош на шасијата „Rosomak“ 8×8 AMV. Таа е опремена со основни медицински материјали за лекување на повреди и за одржување на основните животни функции. Возилото „Medevac“ за мисијата ИСАФ е друга варијанта. Возилото „Rosomak“ 8×8 тркала APC за инструкции на возачот е специјално дизајнирано за обука на возачи кои бараат дозволи за управување со AMV.

Развојот и производството на возилата на „Rosomak“ вклучи неколку локални изведувачи, вклучително и „Lotos Oil“ - нафтена компанија, „Radmor“, производител на радиокомуникациска опрема, „Mechanical Works Tarnow“ - одбранбена компанија, „Scania Poland“ - снабдувач на дизел мотори и „Bosch Rexroth Poland“ - давател на решенија за автоматизација. Други вклучени изведувачи се и „Stomil“- производител на гуми, „Borimex“ - снабдувач на напредни производи и компоненти, „Darekon“- снабдувач на електронски решенија, „WZM“- давател на техничка поддршка за платформи за резервоари и „HSJ“ - производител на челични производи. Во развојот на возилата се вклучени и финските производители на делови за прецизна обработка „Komas“ и „Iskra“, за изнаоѓање решенија за електрониката и автоматизацијата, со седиште во Словенија.

Оклопното возило „AMV Rosomak“ се напојува со вграден шестцилиндричен мотор, кој генерира моќност од 450 kW и вртежен момент од 2250 nm. Погонскиот систем користи автоматски менувач со седум брзини напред и две назад. Погонската линија на возилото вклучува системи за погон на сите тркала, опремено е со вметнувачи „run flat“ и со централен систем за надувување на гумите, што му овозможува на возачот да го приспособи притисокот во гумите според различните услови на теренот. Возилото нуди супериорна подвижност и сигурност на терени надвор од патот. Системот за сопирање е хидрауличен, преку воздух со систем за сопирање против блокирање (ABS-anti-lock braking system) за зголемена безбедност. Оклопното возило користи серво управувач, што е механички поврзан за првата и втората оска. Опремен е со напреден целосно независен хидропневматски систем за суспензија за подобри перформанси надвор од патот. Мобилноста на возилото дополнително се подобрува со додавање на интегриран систем за контрола на теренот и опционално управување на задната оска. Оклопното возило може да врши и амфибиски операции. Возилото „AMV Rosomak“ нуди брзина на патот со повеќе од 100 km/h и може да патува со максимална брзина од 10 km/h во вода. Способен е да работи дури и во најпредизвикувачки услови, вклучувајќи ги тука жешките пустини и арктичките средини.

Оператори на оклопното модуларно возило „AMV Rosomak“ се полските вооружени сили и вооружените сили на Украина.

Идриз Идризоски



# „Northrop P-61 Black Widow“

По конвенционалниот пристап за развој воздухопловни воени доктрини кои вклучувале употреба на ловци-бомбардери во повеќе улоги на пресретнување, придружба и напад на стратешки и тактички цели, воените теоретичари и практичари успеале да направат пробив во употребата на воздухоплови-ловци во ноќно време.

Потребата за развој на такви теории и практики го достигнал својот врв за време на Втората светска војна, кога германското воздухопловство започнало немилосрдно да го бомбардира Лондон. Британската страна, пак, одвратила специјални ноќни мисии во кои биле уклучени тешките британски бомбардери „Ланкастер“. Со овие активности дошла и потребата за одбрана од ноќни напади. Германското воено воздухоплвоство било веќе на пат во развојот на воздухоплови, ноќни ловци, како и Кралското воено воздухопловство. Но, сојузничката гранка која ја претставувала економската моќ, а воедно и огромна воена моќ, Соединетите Американски Држави се уште биле назад со својот развој на ноќен ловец. Ова се должело на геостратегиската локација на Соединетите Американски Држави, кои се наоѓаат далеку од Европа и биле недостижни за германските бомбардери. Но, бидејќи никој не знаел кога ќе заврши војната, воените експерти на Соединетите Американски Држави дошле до откритие кое го произвело еден од најдобрите ноќни ловци во Втората светска војна, авионот „Northrop P-61 Black Widow“.

**Дизајн**

Во 1940 година, Велика Британија била под постојани ноќни напади од Германското воено воздухоплвсотво. Имено, британските научници биле веќе во процес на разввање на радар со способност за вградување на истиот во воен воздухоплов. Причината за ваков развој на настани, била вкоренета во големиот успех на британските радари кои биле лоцирани на југот на Велика Британија. Тие биле главниот адут на храбрите британски пилоти кои издвојувале победа во битката за Британија. Копнените радари овозможувале постојан штит кој овозможувал рано предупредување од германските бомбардери. Огромниот успех на употребата и интеграцијата на оваа нова технологија за тоа време, предизвикал научниците да развијат натамошни верзии на радарски

уреди кои имале способност за вградување и на бродови, подморници и авиони. По завршетокот на битката за Британија, Германското воено воздухоплвство се пренасочило кон бомбардирање на градови и цели од цивилен карактер. Постојаните германски ноќни напади на цивилното население, предизвикувале терор и паника. Британското воено раководство било во потрага по решение за ноќен ловец, кој требало непрекинато да биде во воздух 8 часа, да има повеќе куполи со вградено вооружување, и да биде способен да „гледа" ноќе и за време на намелена видливост. Имено, „гледањето" требало да биде овозможено со радарска напава која тогаш била строго доверлива тајна. Сите овие барања и спецификации биле проследени до раководството на воеността воздухоплвство на Соединетите Американски Држави. Како идеален кандидат за производство на воздухоплов со наведените спецификации била селектирана компанијата „Northtrop". Производот бил пред своето време. Новиот авион, именуван „P-61", бил дизајниран за сместување на тричлена посада: пилот, оператор на митралез и оператор на радар. Вооружувањто се состоело од четири топови, „Hispano M2" со калибар од 20 милиметри, лоцаринани во долниот дел од воздушната конструција, и четири митралези „M2" со калибар од 12.7 милиметри, сместени во купола која била лоцирана на централната воздушна конструкцја од авионот, одма позади пилотската кабина. Она што е иновативно и пред своето време, е тоа што куполата на авионот била контролирана со помош на жироскопски компјутер, кој пак бил активиран од стана на операторот на митралзи или операторот на радарот. Двата членови на посадата имале компјутерски жироскопски нишански направи, прикачени за нивните седишта. Да не заборавиме, зборуваме за раните 1940-ти години! Тогашните воздухоплви биле далеку примитивни и едноставни во споредба со развојот и дизајнот на „P-61". Авионот, бил придвижуван со помош на два „ѕвезда" мотори, од компанијата „Pratt & Whitney" тип „R-2800-25S," кои биле засилени со машински компресори. Комплексниот дизајн на авионот, вклучувал и три тркала, од кои две биле лоцирани во моторните гондоли, а третото биле лоцирано во носниот дел на авионот, собирајќи се во задна насока. Централната воздушна конструкција била иновативна и мошне интересна за тој период. Таа била кратка и во неа биле сместени радарските уреди, во предниот и задниот дел, вооружувањето, прикачено под и над





воздушната конструкција, како и тричлената посада. Радарскиот уред лоциран во носниот дел на авионот бил состоен од уредот „SCR-720A" кој, пак, имал способност за детекција и насочување кон непријателкси цели на растојание од 8 километри. Оваа способност исто така била невообичаенна за раниот период на Втората светска војна. Иновативноста едноставно била единствена со дизајнот на воздухоплвоот „P-61". Радарските способности на авионот служеле како основа за натамошно размислување за развој на радарски системи инкорпорирани во идната сепфатна авијација, од цивилен и воен карактер. Опашот на авионот бил неконвенционален, бидејќи се состоел од две опашки кои биле поврзани со моторните гондоли, а хоризонталните летачки контроли биле сместени помеѓу двата опаши. Специфичниот дизајн на воздушната конструкција на авионот, овозможувал способност на авионот да слета со помош на многу мала брзина, без да изгуби контрола. Исто така, дизајнот на летачките контроли на крилата, вертикалните стабилизатори и хоризонталионт стабилизатор овозможувале посебна зголемена чувствителна контрола на авионот, а со тоа и големи маневрирачки способности, што било невообичаено за големината на авионот. Во средината од воздушната конструцкија на авионот се наоѓале контролните кабли, резервоарот за гориво, контролите за моторите како и дополнитела радарска опрема за идентификација и распознавање на непријателски и пријателски авиони. Исто така, во центарот на воздушната конструкција се наоѓал и механизмот



| Главни карактеристики на „ Northrop P-61 B-20-NO Black Widow “ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 3 |
| **Должина** | 15,11 метри |
| **Распон на крила** | 20,12 метри |
| **Висина** | 4.47 метри |
| **Површина на крила** | 61.535 квадратни метри |
| **Мотор** | Два клипни „ѕвезда“ мотори „Pratt & Whitney R-2800-65W“, придвижувани со помош на 18 цилиндри на воздушно ладење. Еден мотор бил способен да развие 2250 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 589 километри на час на висина од 6100 метри |
| **Опсег на оперативно летање** | 2170 километри |
| **Стапка на искачување** | 12,9 метри во 1 секунда |
| **Вооружување** | Четири топови „Hispano AN/M2“ со калибар од 20 милиметри, снабдени со по 200 парчиња муниција по топ;<br>Четири митралези „M2 Browning“ со калибар од 12.7 милиметри, снабедни со по 560 парчиња муниција по митралез;<br>Способност за носивост на четири бомби, со тежина од по 700 килограми, или шест неводени ракетни проектили „HVAR“ со дијаметар од 127 милиметри. Некои модификации овозможувале и носивост на една бомба со тежина од 454 килограми, сместена на носач лоциран на централната воздушна конструкција. |

за придвижување на куполата, како и муницијата за митралезите кои биле сместени во неа. Во задинот дел од воздушната контрукција бил сместен операторот на радарот, во изолирана просторија опремена со дисплеј уреди, интеркомуникациски уреди и радиоуреди. Легендарниот статус на авионот бил набрзо стоздаден и неговата употреба биле сеопфатна низ текот на Втората светска војна. Тој бил активно употребуван во оперативни дејства во Европа, во Медитеранскиот сектор, како и во Пацификот. Неговиот ефект бил неприкосновен во повеќе-наменските воздушни операции на сојузниците. Но, „P-61“ бил основа кон натамошно иновативно интегрирано размислување за дизајн на воздухоплов. Ова рефлектирало со особено значење во воената авијација во подоцнежните години по завршувањето на Втората светска војна, со нормализација на интеграција помеѓу радарски системи и вооружувањето.

**Варијанти**

Со многубројните и различни улоги на авионот, дизајнерскиот тим развил неколку варијанти за различна употреба со различни карактеристики.

**„P-61A-1“**

Овој модел бил базичната варијанта која во текот на производството забележала многубројни промени. Основната варијанта била придвижувана од мотори „R-2800-10“, кои биле способни да развиваат по 2000 коњски сили. Биле произведени 45 примероци од оваа варијанта.

**„P-61A-11“**

Модификациите на основната варијанта вклучувале и производ на тип кој имал надворешни носачи на бомби или резервоари за гориво. Оваа варијанта имала по еден носач на секое крило. Биле произведени 20 примероци од оваа варијанта

**„P-61B-1“**

Натамошните модификации и развој на авнионот придонеле кон варијанта со продолжен нос за 20 сантиметри и интегрирање на радарски уред за предупредување „SCR-695“ во задниот дел од централната воздушна конструкција. Биле произведени 62 примероци од оваа варијанта.

**„P-61B-15“**

Оваа варијанта била со најмногу произведени примероци – 153. Имено, сојузниците је преферирале оваа варијанта бидејќи била најефективна, приспособлива и стабилна во извршувањето борбени задачи.

Димитар Даневски



# „Дум-дум“ куршуми: цвеќиња на смртта

Експанзивните или, како што уште се нарекуваат и „дум-дум“, се специјални куршуми, чиј дизајн предвидува значително зголемување на нивниот дијаметар кога ќе навлезат во човековите меки ткива, што доведува до значително зголемување на нивната ударна способност и/или намалување на длабочината на пенетрација на куршумот. Експанзивноста, всушност, се подразбира како способност на таков куршум да се рашири, зголемувајќи го неговиот почетен дијаметар кога влегува во меките ткива или друг „мек медиум“. Во моментов, употребата на таква муниција во военото оружје е забранета, но тие широко се користат за самоодбрана и за лов. На пример, речиси сите ловечки куршуми сега се експанзивни. Официјално, нивната употреба е забранета со Хашката меѓународна конвенција од далечната 1899 година, но и денес тие продолжуваат да се користат во воени операции.

Со децении, меките оловни куршуми без обвивка со релативно голем калибар се користеле со различни пушки.

Кога биле истрелувани во меки ткива, таквите куршуми се сплескувале, при што се зголемувал нивниот дијаметар. Врз основа на тоа, тие ефективно ја пренесувале сопствената енергија на целта, нанесувајќи им доволно тешки рани на луѓето. Меѓутоа, кон крајот на деветнаесеттиот век, ситуацијата почнала да се менува. Имено, се појавиле голем број видови на пушки чија цел била со подобрена муниција да бидат способни да уништат непријателски војник со еден истрел. Но, со појавата на нажлебените цевки за пушките, се зголемиле и дострелот и прецизноста, а тоа променило сè. Оловните куршуми се деформирале и ги оштетувале цевките на пушките, а прецизноста нагло паднала. Излезот бил производството на куршуми чие оловно јадро било заштитувано со облога од бакар, месинг, никел, сребро или челик и му давале на куршумот одлични балистички карактеристики. Тие прецизно погодувале цели од далечина, но раните што ги нанесувале не биле доволно застрашувачки.

Тоа било брзо утврдено од страна на армиите, кои тогаш учествувале во колонијалните војни, кои се воделе против таканаречените „диви“ народи. На пример, за време на кампањата во индискиот регион Читрал, на границата со Авганистан, во 1895 година, меѓу британските војници се проширило цврсто убедување дека новите куршуми што ги користеле биле неефикасни,

бидејќи непријателите продолжувале да се борат дури и кога биле ранети. Современите куршуми не биле во можност да се деформираат во каналот на раната, што значи и ефективно ја пренесувале сопствената енергија до целта. Честопати куршумите ги „прободувале“ непријателите низ телото, оставајќи уредни отвори за влез и излез на телото и нанесувајќи смртоносна штета само кога ќе ги погоделе виталните органи. Како резултат на тоа, раководството на британската армија поставила задача да се создаде таков куршум што ќе може да нанесе рана којашто би била доволно сериозна, дури и да го запре најтврдоглавиот фанатик. Во согласност со тоа, на почетокот на деведесеттите години на деветнаесеттиот век, британскиот офицер, капетанот Невил Берти - Клејем, претставил нов, експанзивен куршум во една од британските фабрики за оружје лоцирана во Индија. Тој едноставно извадил околу 1 мм бакарна легура од врвот на стандардниот куршум, па оловното јадро станало голо, а ефектот врз погодените цели ги надминал дури и најлудите очекувања. Првата серија муниција била произведена во фабриката за оружје во индискиот град Калкута. Таа се наоѓала во нејзиното предградие Дум-Дум, од каде што доаѓа името на најстрашната муниција за мало оружје од тоа време. Тестовите на новите куршуми се одржале во борбена ситуација и ја покажале нивната неверојатна ефикасност. Кога целта била погодена, куршумот го запирал и најсилниот човек. Ранетиот буквално бил фрлан назад, а во повеќето случаи повеќе не можел да стане. За време на Англо-бурските војни, во печатот биле прикажувани голем број фотографии на жртви погодени со куршумите „дум-дум“. Со релативно мала влезна рана, излезната била огромна парталава рана, а откако бил ранет во рака или нога, екстремитетот можел само да биде ампутиран. На Британците им било доволно само еднаш да го погодат староседелецот кој ги напаѓал, за да го направат целосно неспособен, нанесувајќи му сложени фрактури на коските, пукнатини на внатрешни органи и бројни повреди на меките ткива. Огромното мнозинство од жртвите на куршумот Дум-дум починувале во рок од половина час, не успевајќи да се справат со повредите и болниот шок. Спротивно на вообичаените шпекулации, британската армија не ја усвоила муницијата на Невил Берти-Клеј. Во тоа време во Велика Британија, бил создаден куршум со обвивка кој имал голо оловно јадро со шуплина внатре, кој бил наречени Марк III, а британската армија го усвоила во 1897 година. Во



тоа време, терминот „дум-дум“ станал толку широко распространет што се користел како неофицијално име за сите експанзивни куршуми. Веќе во 1899 година, таквите куршуми биле забранети за користење со Хашката конвенција, специјална, како што била наречена, декларација „дум-дум“, која била одобрена и потпишана од петнаесет држави. Во исто време, единаесет земји се воздржале од потпишување. Треба да се напомене дека причината за усвојувањето на оваа декларација не бил само хуманизмот, што решиле да го покажат војската и политичарите, туку и многуте проблеми со таквата муниција при користењето во пушките.

Но, експанзивната муниција за митралезите не била забранета, па тие го кажале својот страшен збор на полињата за време на Првата светска војна, буквално „косејќи ги“ војници коишто напредувале. Во Првата и Втората светска војна сè уште целосно не била отфрлена употребата на експанзивна муниција. И покрај официјалната забрана, многу војници ги правеле на занаетчиски начин. За време на периодот на мир пред битката, некои војници од сите армии, без исклучок, земале куршуми и ги турпијале врвовите или правеле засеци во форма на Х. Со ваквата едноставна манипулација обичниот куршум го претворале во





експанзивен. Тој се деформирал кога ќе удрел во коската и се отворал во жртвата во форма на „цвет на смртта“. Во борба, употребата на таква муниција давала сериозна предност, но во сите армии постоела наредба да се стрела на лице место секој заробеник кај кој ќе се најдат експанзивни куршуми или алат за нивно производство.
И покрај забраната, експанзивните куршуми со голем калибар сè уште се користат за лов на големи животни поради нивната моќ на запирање.
Пред широката употреба на пумпни пушки, војниците на специјалните сили користеле експанзивни куршуми за да ги уништат терористите на преполни места, особено во авиони. За да ја заобиколат забраната, дизајнери од различни земји почнале да развиваат муниција, чии куршуми навистина ќе се растргнат на мали парчиња кога ќе ја погодат целта. Внатре во зрното на куршумот било поставено експлозивно полнење, кое се активирало кога ќе дојде во контакт со целта. Всушност, во телото на жртвата се слушала микроексплозија која го умножувала оштетувањето на внатрешните органи. Тие се многу поопасни од озлогласениот куршум „Дум-дум“, но имаат еден многу значаен недостаток, кој дизајнерите сè уште не можат да го поправат. Дури и минималното експлозивно полнење сместено во модерните куршуми може да се активира во секое време. Ова е особено опасно во борбена кампања. Војниците можат да се движат со оклопни возила или да брзаат, да паѓаат и даползат, а детонирањето дури и на мал куршум може да доведе до сериозни повреди, трајно онеспособување на војникот. Тие се многу скапи за изработка, па најчесто ги користат снајперисти кои со пушки од голем калибар погодуваат цели од далечина од неколку километри. Сличен принцип на дејство имаат и запаливите експлозивни куршуми, авијациските митралези и системите за противвоздушна одбрана.
Пентагон бил првиот што направил нарачка за купување на фундаментално нов автоматски куршум 5,56x45 mm, чиј куршум има поместен центар на гравитација. За време на летот, таков куршум демонстрира одлична балистика, но кога е во контакт со коските, нагло ја менува својата насока. Всушност, тој почнува да се превртува, предизвикувајќи страшни внатрешни повреди на жртвата. Често се крши, оставајќи неколку фрагменти во телото. Не заостанал и тогашниот Советски Сојуз, кој претставил мал куршум 5,45x39 mm, кој е погоден за пукање од „Калашников“ АК-74 и неговите подоцнежни модификации. Поради малата воздушна шуплина, центарот на гравитација на зрното е префрлен назад, принудувајќи го да се ротира кога ја погодува целта. Таквите зрна имаат многу помала продорна моќ од зрната со калибар 7,62 mm АК-47, но предизвикуваат многу посериозни повреди на непријателот, останувајќи во неговото тело под агол од 30-40 степени од првичната насока на истрелот.
Денес, производството на ултра ефикасна муниција зема замав. Американците претставија варијанта на куршуми кои продираат со фрагментација, кои не се откриваат, но се разлетуваат на неколку (обично 8) фрагменти кои кога продолжуваат да се движат во форма на независни единици и кинат сè што им се наоѓа на патот. Таквата муниција се предлага да се користи во цивилно оружје, првенствено во пумпни пушки. Според американските власти, тие можат посигурно да ги заштитат животите на жителите на САД од напад на криминалци и терористи. Но, знаеме дека секое цивилно оружје многу лесно се претвора во борбено. Резервите на експанзивна муниција би можеле да бидат многу корисна не само за војниците на специјалните сили, туку и за милитантите кои се подготвуваат да извршат голем терористички чин.



Александар Стојчевски



Самоодната хаубица М09 105мм е современо средство за огнена поддршка кое првенствено е наменето за здружените борбени единици и единиците за брза реакција, средство кое е интегрирано на ниво на бригада, полк и баталјон. Се произведува во наменската индустрија Југоимпорт СДПР во Р.Србија

# Самоодна хаубица 105мм М09

Конструктивното решение 105мм, покрај на моторно возило и шасија од српско производство, може да се вгради и интегрира и на останати типови на моторни возила и шасии 6х6. За да се вгради и интегрира артилерискиот систем 105мм, на моторното возило и шасијата претходно мора да се направат доста измени и модификации. Кабината на возилото е заменета со оклопена кабина отпорна на дејство од вооружување со калибар 7,62 мм, како и на парчадно дејство на артилериски проектили. Сите инструменти се адаптирани и инсталирани во оклопената кабина на самоодната хаубица. Возачот и командирот се наоѓаат во кабината на возилото. Дисплејот на топот, како и командната табла за лансирање на чадните бомби и компонентите на системот за врски со останатите членови на послугата се наоѓаат пред командирот. Фрлачот на чадни бомби (2х2) е инсталиран на кабината. Средниот оклопен дел е инсталиран позади кабината. Еден дел од средниот оклопен дел ги заштитува резервоарите за гориво на возилото и резервоарите за масло за вооружувањето. Другиот дел од средниот оклопен дел наменет е за сместување на послугата. Во задниот дел се наоѓа дел за сместување на проектилите и барутните полнења. Проектилите и барутните полнења се сместени во соодветни комори и контејнери за муниција. Коморите за муниција се така дизајнирани да овозможуваат брза и едноставна манипулација со проектилите и барутните полнења. Носачот на цевката во маршевска положба е инсталиран на контејнерот за муниција. Два краци за стабилизација на самоодната хаубица во текот на гаѓањето се инсталирани на задниот дел на хаубицата. Во текот на движењето краците се поставуваат во горна маршевска положба. Хаубицата има сопствен систем за управување со оган.

| ТАКТИЧКО – ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА М09 105мм | |
|---|---|
| Ознака на хаубицата | М09 105мм |
| Послуга | 5 |
| Калибар на цевката | 105 mm |
| Должина на цевката | 3500 mm |
| Вид на гасна кочница | со 2 отвори |
| Животен век на цевката | 7500 МФ проектили |
| Максимален притисок | 2630 bar |
| Домет | 14,5 km (со HE-ER BT проектил) |
| Муниција | сите видови на муниција 105мм согласно НАТО стандардите |
| Максимална брзина на проектилот | 675 m/s (со HE-ER BT проектил) |
| Должина | 6850мм |
| Ширина во маршевска положба | 2300мм |
| Ширина во борбена положба | 4250мм |
| Висина | 3150 |
| Тежина (со целосен товар) | 12000 кг |
| Борбен комплет на муниција | 44 |
| Систем на полнење на муниција | Рачен |
| Хоризонтално поле на дејство | - 3 до + 65 степени |
| Подигнување и спуштање на краците | Рачно |
| Нишанење | Рачно |
| Потребно време за поседнување и напуштање на огнената позиција | 120- 150 секунди |
| Брзина на гаѓање | 6-8 проектили во минута |
| Помошно вооружување | Митралез 12,7 mm во оклопена купола |
| Брзина на движење на добри патишта | до 90 km/h |
| Брзина на движење на земјени патишта – теренски услови | до 40 km/h |
| Радиус на движење (автономија на возилото) | 450km |
| Ниво на балистичка заштита на кабината и оружјето на ниво согласно STANAG 4569 | 7,62x39 FMJ |

Славчо Кузманоски







# Маскирни (камуфлажни) борбени авиони на RAF и USAAF од 1939 – 1945

Западните сојузници во Втората светска војна со ширењето на боиштата применувале техника на маскирање на авионите. Американците и Британците морале да воведат и нови методи на војување, при што применувале и обојување на леталата на флотите.

Во текот на Минхенската криза во 1938 година, командата на Кралското воено воздухопловство на Велика Британија (RAF) одлучила своите авиони да ги направи што помалку воочливи за противникот со примена на полиња со неправилни облици во камуфлажни бои, познато како “Temperate Land Scheme” – умерена привремена теренска шема, додека на врвот и на страничните површини на борбените летала и бомбардери се применувала комбинација на кафеава и темнозелена боја, а дното на овие авиони се обојувало во небесно-сиво. Погледнато одозгора, воздухопловот требало да се прилагоди и стопи со теренот, а гледано одоздола – со небото. Поради тоа, инженерите и пилотите на овие авиони, шемата ја нарекувале – „песок и спанаќ”. Камуфлажните бои биле нанесувани директно во фабриката каде се склопувале, за кои се користеле гумени шаблони. Доколку механичарите на борбените летала ја користеле бојата на аеродромите, авионите би се разликувале помеѓу себе, затоа што тие не ги имале овие посебни шаблони. Во фабриките боите биле строго разграничени, што не било случај и кај аеродромите каде имале постепен премин. Облиците на полињата требало да бидат идентични за сите авиони од тој тип, но поради разбивање на монотија на леталата со непарните броеви и облици кои биле поставувани обратно од редоследот на парните авиони (истите се означувале со буквите A и B). Праксата се применувала на борбените авиони. Во втората половина на војната, RAF ја поставил кафеаво-зелената шема на бомбардерите, додека самата композиција на бои е променета на авионите кои летале денски. Горните и страничните површини биле прекриени со неправилни полиња на темнозелена и светлосива боја, а долната површина ја обоиле во светла нијанса позната како морска сива боја. Меѓутоа подоцна сите ноќни бомбардери биле во црна боја. Механичарите смислиле трик за подобрување на перформансите на авоните – после полирањето со мат црна боја, брзината на „Mosquito“ се зголемила за 46км/час. Како што војната се проширувала на сите фронтови, стандардната камуфлажа на авионите веќе не била доволна. Одењето во Северна Африка барало да се создаде нова камуфлажа, особено пустинска, пред се за Spitfire, Hurribamber и бомбардерите P 40, кои гаѓале копнени цели. Основата повторно била од неправилни полиња, овој пат со смеѓа боја и песочно жолта боја, проследена со азурни сини бои. Британското морско воздухопловство FAA (Fleet Air Arm) во првата фаза на војната се служело со домашните модели, но како војната се проширувала се повеќе авиони купувале од Американците. Така под грбот „Горд албион“ летале авионите „Wildcat и Hellcat“. Овие авиони на Кралското семејство биле слични на другите авиони, но боите биле сосема други. Горните и страничните површини биле обојувани во темно морско сива боја и обично темно сива, додека долниот дел бил во небесно сива. Авионите на Американското воено воздухопловство (USAAF), некогаш имале варијанта на „песок и спанаќ“, при што ги следеле комбинациите на авионите на британското RAF. Поголемиот дел од авионите на горниот дел користеле поедноставни нијанси за камуфлажа, како што се маслинозеленaта боја на горната страна и неутрално сива на долниот дел. Во јануари 1944 година Американците се одлучиле за радикална промена, повеќе не користеле камуфлажна техника и авионите биле во оригинална метална боја. Ова решение било резултат на желбата да се забрза и олесни производството на авиони и да се смени тежината на авионите, бидејќи со бојата се додавале неколку килограми.

м-р Зоран Василески



фото збирка: Ѓ. Чачкиров

# Едрилица „Комарец“ (Komar)

После првите изработени едрилици од овој тип, во 1937 г., врз основа на нејзината долготрајна експлоатација и забелешките на едриличарите, на неа биле направени извесни промени – модификации после кои таа го добила новото име „Комар бис“. Со произведените над 80 примероци и високите постигнати резултати, едрилицата „Комар“ станала најпопуларна едрилица во Полска, во периодот пред Втората светска војна. Меѓу таквите резултати се вбројува летот на Ванда Модлибовска која го постигна светскиот рекорд во летање, за жени, летајќи непрекинато 24 часа и 14 минути. Рекордот е постигнат во 1937 г. Овој и другите постигнати резултати ја пронеле нејзината слава пошироко, па по барање на повеќе држави почнала да се произведува лиценцирано и кај нив. Меѓу тогашните држави била и Кралска Југославија, во чии граници припаѓал и македонскиот простор.

Едрилицата „Komar“ (македонски превод „Комарец“) претставувала дело на полските инженери Антони Коцијан и Аполинари Собијарски (Antoni Kocjan и Apolinary Sobierajski), дизајнирана уште во текот на 1933 г., со цел за основна и напредна обука и вежбање на едриличари, како и за постигнување високи спортски резултати

Првата ваква едрилица, во тогашната држава, била изработена во белградската Едриличарска група „Девети“, а лиценцата за сериско производство на истата ја добила задругата „Утва с.о.ј.“ од Земун. После првите сериски изработени едрилици, кои биле од основниот тип, земајќи ги предвид направените модификации, се пристапило кон производство на модифицираната верзија на едрилицата која го носела името „Комар бис“. Како таква, оваа едрилица била изложена и на првата Меѓународна изложба во Белград, во текот на 1938 г. Потврда за нејзиниот квалитет била и нарачката на 10 едрилици од овој тип од страна на тогашната Команда на кралското воено воздухопловство. Сепак, поради настапување на Втората светска војна во која била зафатена и Кралското југословенска држава, оваа серија не била целосно реализирана.

Според сведочењата на повеќе предвоени едриличари, членови на аероклубот во Скопје, во најголемиот подем на едриличарството на македонскиот простор воопшто, кон крајот на 1939 г. и почетокот на 1940 г., се донесени две едрилици од типот „Комар“ и „Комар бис“. Првата била од типот на основната (првична) верзија, а втората била подобрената, односно модифицираната верзија на едрилицата „Комар бис“.

Разгледувајќи го дизајнот на оваа едрилица може да се заклучи дека имала современ, но и многу напреден дизајн со што го носела и вистинското именување како воздухопловна едрилица. Била изработена од дрвен материјал со клучни, односно составни и управувачки елементи изработени од метал. Крилото било поставено на најгорниот дел од трупот, со директно поврзување на левиот и десниот дел. Обликот на централниот дел на крилото имал правоаголна форма, а потоа изразито се стеснувал кон краиштата, со нивно заоблено завршување. На двете страни на крилото биле поставени коси потпори, монтажно прицврстени на трупот. Самата конструкција на крилото била оформена со затворена (торзиона) кутија на предниот – нападен дел. Со неа биле опфатени и ребрата коишто го формирале аеродинамичкиот

облик на истото. Излезниот раб бил од полно дрво, а на него и на дел од крилото, биле вградени крилцата – елероните. Тие биле лоцирани на завршетоците на крилото, со должина поголема од половина крило. Покрај предниот дел, со дрвена лепенка бил зајакнат и централниот дел на крилото. Преостанатиот дел од крилото бил покриен со ткаенина, импрегнирана со соодветна боја.

Трупот на едрилицата имал форма на издолжена кутија со шестаголен пресек со значително издолжени бочни страни. Во неговиот преден дел била сместена длабоко всадената пилотска кабина. Пред неа бил поставено ветробранско стакло, изработено од плексиглас. Таквиот ветробран кај некои од првите едрилици бил поставен монтажно и можел да се отстранува. Подоцна, истиот е модифициран со негово зголемување и фиксно прицврстување или во форма на целосна покривка на кабината. Веднаш зад самата кабина била поставена централната носечка рамка - ребро, зацврстено до столб којшто имал улога на главен носач на крилото. На врвот од предниот дел на трупот била вградена „куката“ за нејзино влечење, а на надворешниот преден бочен дел била поставена пито-статичка цевка во улога на „давач“ на параметри за функционирање на основните пилотски инструменти, како што се брзиномерот и висиномерот. На долниот дел на трупот била поставена дрвена „скија“ за полетување и слетување под којашто биле поставени гумени амортизери. Со вака изведен труп, а посебно кабина, пилотот имал дополнителена безбедност, како и можност за длабоко и удобно седење во неа и можности за лесно управување со едрилицата. На задниот дел на трупот биле монтирани хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор, со стандардна изведба од подвижен и неподвижен дел. И овие два дела биле конструктивно изведени како и самото крилото, со нападен раб, ребра, раменица и излезен раб. Таквите градбени „скелети“ биле, завршно, покриени со импрегнирана, односно обоена ткаенина.

Едноседечката едрилица „Комар бис“ имала должина на трупот од 6,87 м., растојание, односно распон на крилата 15,82 м., со негова површина 17,4 м$^2$. Аеропрофилот (напречниот пресек) на крилото бил од типот „Göttingen Gö 535“, во централниот дел (коренот), а со профил „Gö 549“ кон завршетоците. Височината на едрилицата била 1,8 м. Тежината, односно масата на празна едрилица изнесувала 130 кг, а вкупна дозволена тежина на полетување 210 кг. Максималната дозволена брзина при летањето изнесувала 140 км/час,



**Едрилица „KOMAR“**, цртеж: Ѓ. Чачкиров


**фото збирка: Ѓ. Чачкиров**

минимална брзина при летањето и била ограничена на 47 км/час, а најдобра брзина за летање и изнесувала 55 км/час.

Двете македонски едрилици од типот „Комар“, во периодот на нивното користење, биле пререгистрирани и според новиот принцип на заведување во евидентниот државен регистар. Со него едрилиците, покрај кратенката за државна припадност „YU“ добивале и свое „крстено“ име. Првата со име „ДОБРО ПОЉЕ“, а втората со име „BABUNA“. Ваквата пререгистрација на планерите, односно едрилиците, била направена и кај претходните, односно споменатите планери и едрилици.

Ова е „печатот“ од две едрилици „Комар“, коишто оставиле значаен впечаток и летачки импресии кај македонските едриличари од тоа време. За нив и за карактеристиките на самите едрилици говорат и белешките во мојот аеродневник. Сепак, и тие, како и претходно изградените планери во Скопје и на македонскиот простор, не го преживеале виорот на Втората светска војна.

Ѓорги Чачкиров



# Музеј на специјални и падобрански единици на САД

Специјализираните тематски музеи се доста ретки и најчесто држави кои имат доста средства може да си дозволат ваков вид музеи. Но уште поголем раритет е да се наиде на музеј кој е посветен на специјални единци. Еден од нив е Музејот на специјалните и падобрански единци на војската на САД

Музејот на специјалните и падобранските единици на САД е воспоставен и отворен за јавноста во 2000 година. Сместен е во воената инсталација Форт Либерти, поранешна Форт Браг во близина на градот Фајевтвил, Северна Каролина. Музејот потпаѓа под јурисдикција на Армијата на Соединетите Американски Држави и Командата за обука и доктрини, но со него менаџира Фондацијата за специјални сили.
Предворјето на музејот и самиот влез во музејот се посветени на дел од припадниците на специјалните и падобранските единици кои загинале за време на својата служба. Приодната патека е надополнета  со два споменици од кои едниот е посветен на четиринаесеттиот началник на Генералштабот на армијата на САД генералот Хенри Хју Шелтон (Henry Hugh Shelton), кој е прв началник со минато во специјални единици, додека вториот споменик му е посветен на таканаречениот „Челичен Мајк“ синоним за прекалени воини. Поставките во музејот започнуваат од самиот влез и имаат хронолошки временски ред, започнувајќи од 1940 година па сè до денес.
Првата поставка е посветена на почетоците на падобранските единици во САД кои датираат од 1940 година со пробниот падобрански вод. Оваа поставка е претставена низ витринска изложба на делови од првата опрема која е користена од припадниците на оваа единица и восочна фигура облечена во комплетна опрема за скок.
Втората поставка е значително поголема од првата и е посветена на Втората светска војна. Во овој дел прикажани се операциите кои ги изведуваа падобранските единици во овој период, но и ги покажува зачетоците на специјалните единици. Експонатите низ кои е претставена оваа поставка се: италијански параскутер, џипот „CT-3 Pup““, восочна фигура со комплетна опрема пред извршување на борбена задача и скок, пресек на „C-47 “Skytrain”“ во кој се прикажани падобранци пред скок. Една од најимпозантните диорами кои ги има во музејот е секако, делот со комплетно реновираната едрилицата „WACO CG-4A“ и истоварувањето на единците. Покрај оваа диорама, во овој дел се поставени и диорама од преземени акции во Франција, битката за Ардените итн. Поставката е дополнета со десетина витрински изложени експонати, почнувајќи од оружје и опрема па сè до лични работи на припадници кои учествувале во борбените дејствија од овој период.
Следната поставка е посветена на




перидот на Студента војна и Корејската војна. Со самиот влез во делот посетен на оваа поставка се наоѓа диорама на борба гради во гради од тој период. Следна поставна го опишува периодот на војната во Виетнам. Поставката започнува со дел посветен за моментот на официјалното оформување на специјалните единици во 1952 година, кој е прикажан низ слики. Во овој дел е прикажан развојот и напредокот на воздушнодесантното војување особено во делот на доставувањето на тешката опрема. Како пример за истото е прикажано низ палетизирана хаубица од 105 мм спремна за исфрлање од авион.

Делот за војната во Виетнам е прикажан низ диорама за извлекување на ранети и повредени војници од специјалните единици со помош на хеликоптер „UH-1“. Втората диорама во овој дел е реплика на заробен припадник на специјалните единици на силите на САД во „кафез“.

Последниот дел од музејот е посветен на учеството на специјалните единици во мировните мисии и мисиите за стабилизација и реконструкција. Ова поставка е прикажана низ неколку диорами. Првата од нив прикажува тим на специјалните единци кој извршува задача во Панама со лесниот тенк „M551 Sheridan. Следната диорама е посветена на битката за Могадишу или позната како инцидентот – „Пад на црниот јастреб“ (Black Hawk Down Incident).

Припадниците на специјалните единици се прикажани како ги бранат своите позиции на покрив на зграда додека над нив надлетува хеликотпер „MH-6“. Последната диорама е приказ на учеството на специјалните единици во Авганистан. Диорамата покажува дел од преговори на војниците со локалните лидери во авганистанска куќа.

Покрај можноста за разгледување на експонатите музејот во својата понуда нуди и изнајмување на конференциска сала со капацитет до 300 луѓе и кино-прожекторска просторија со можност за 50 луѓе. Во просториите на музејот нема кафитерија ни продавница за сувенири но одредени сувенири како спомен можете да набавите преку on-line продавницата на музејот.

Влезот во музејот е слободен, но најчесто самите посетители оставаат донација од 3 до 5 долари, затоа што музејот работи на принцип на самофинансирање. Персоналот кој работи во музејот во 95% од случаевите се волонтери/доброволци. Работното време на музејот е секој работен ден од 10.00 до 16.00 часот, со исклучок на понеделник кога музејот е затворен за посета. Начелно, потребно време за посета на овој музеј е околу 2 часа.



Златко Блажески

# Гаѓање со АП 7,62 мм

На 18 мај, во согласност со програмата за работа и програмата за обука на ОРОРСМ, се реализираше гаѓање со АП 7,62 мм на реден број 1 (подготвително), за ООЕ на ОРОРСМ од Западниот регион (Кичево, Македонски Брод, Прилеп, Демир Хисар, Битола, Охрид), Скопје, со претставници на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста.
Гаѓањето се реализираше на стрелиштето на Армијата „Осој" во Кичево, со учество на осумдесетина членови на ОРОРСМ, од коишто 70 беа извршители. На гаѓањето беа постигнати одлични резултати, односно 20 поминаа со стандард „надминал" и 50 со „поминал".
Пред почетокот на гаѓањето присутните ги поздрави претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев, посакувајќи успешно и безбедно гаѓање, додека во име на командантот на 1. пешадиска бригада, полковник Зоранче Ристовски, како и капетанот Илир Халили, раководител на гаѓањето. Помошник-раководител на гаѓањето беше поручникот Дејан Михајловски, кој учесниците ги запозна со тактичко-техничките карактеристики на АП 7,62 мм, додека поручникот Илхан Бафтироски беше одговорен за изведување дообука. Оваа активност во целост беше поддржана од Командата на 1. пешадиски баталјон, под команда



на полковникот Зоранче Ристовски и од командантот на Логистичкиот баталјон, Шпејтим Черими, додека за вкусно подготвената храна се погрижи наредникот Игор Цаневски, заедно со Одделението за исхрана.

# Пролетен состанок на иницијативата „Гамингер" на Европа

Од 22 до 25 мај 2024 г. во Карловац, Хрватска, се одржа пролетниот состанок на иницијативата Гамингер. На состанокот присуствуваше претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев. На отворањето, како и на подоцнежниот работен дел од седницата, присуствуваа директорот на Управата за човечки ресурси, Иван Јушиќ, во име на вицепремиерот и министерот за одбрана и раководителот на независната служба за Стратешко планирање и фондови на ЕУ, Лина Лена Сукуп, во име на вицепремиерот и министерот за хрватски ветерани, додека началникот на ГШ на Вооружените сили на Република Хрватска, началникот на Одделот за планирање на командата на ХКоВ , полковник Крешимир Кршиниќ, учествуваше на отворањето и работата на седницата. Во рамките на првата тематска област поврзана со организацијата и задачите на резервната компонента на вооружените сили на земјите членки на ГИЕ, презентацијата и последователна тематска дискусија беше водена од претставникот на ГШ на ВС на  Хрватска, полковник Крешимир Кршиниќ. Членот на Претседателството на ГИЕ, Имбалзано, одржа презентација во име на Американската асоцијација на резервни офицери (ROA - „Резервна организација на Америка"), на тема „Резервни компоненти на американските вооружени сили". Вториот работен ден беше посветен на внатрешни работи на GIE, при што Чешка потврди за есенските сесии на GIE во 2024 г. и градот Брно за место на одржување. Пролетната сесија на GIE ќе се одржи во Словачка на крајот на мај 2025 г., а есенската сесија ќе се одржи во Словенија. Темата на следната сесија во Словачка ќе биде Националните позиции и интереси на членовите на GIE - Безбедност и безбедност во Европа.



# Билатерална соработка

Како дел од билатералната соработка помеѓу Сојузот на словенечките офицери и Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ) од 25 до 27 мај 2024 година, Сојузот на словенечките офицери беше посетен од страна на претседател на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев. На 25 мај 2024 г. претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, придружуван од Мартин Југовец, потпретседател на Сојузот на словенечките офицери и Рајко Најзер, претседател на Комитетот за меѓународна соработка, пристигнаа на стрелиштето на Општинската организција на словенечките офицери од Храсник.Претседателот на ОРОРСМ го пречекаа тројца членови на Претседателството на Здружението: Игор Погачник, потпретседател на ОЗСЧ Храстник и двајца членови на претседателството на здружението, Руди Сенчар и Јани Зоре. Јани Зоре ја презентираше организацијата и работењето на Здружението, членството, начинот на финансирање, приоритетните области на делување со акцент на воените професионални активности, гаѓањето и работата со младите, начинот на информирање на јавноста за работата на Здружението и начинот на успешна активна соработка со словенечката армија и други организации. Руди Сенчар имаше презентација за стрелиштето, конструкцијата и  моменталната искористеност од страна на членовите на Здружението, но и од страна на локалната заедница. По презентацијата активностите продолжија на стрелиштето каде беа подготвени 7 различни пиштоли и 2 револвери. Практичното изведување на обуката за гаѓање го водеше шефот на стрелачката секција Руди Сенчар со помош на тројца членови на стрелачката секција. На претседателот на ОРОРСМ му беше врачена плакетата, при што



беше истакнато  дека Здружението е гордо што беше домаќини на толку висок гостин. Претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев на потпреседателот на здружението ОЗСЧ Храстник, Игор Погачник, му ја подари монографијата „Нашите 70 години", како и знаменце со амблемот на ОРОРСМ и неколку броеви на списанието „Штит", заблагодарувајќи се за извонредниот прием, за презентацијата одличното практично гаѓање.

Тони Мицевски





# Народен херој Атанас Прокопиев Забазноски – Руски

Атанас Прокопиев Забазноски – Руски, македонски комунист, учесник во НОВ. За народен херој бил прогласен на 20 декември 1951 година. Одликуван бил со орденот „Народен херој“ и носител на признанието „Партизанска споменица 1941“.

Забазноски бил роден на 25 јануари 1925 година во Прилеп, во сиромашно семејство. Завршил четири одделенија основно училиште, а потоа работел како работник во производство на тутун. Во 1941 година станал член на СКОЈ и уште од тие денови учествувал во разни илегални акции. Собирал оружје, растурал летоци и слични задачи. Двапати бил апсен, па ослободуван. Во октомври 1943 година се приклучил на Првата македонско-косовска ударна бригада, во која станал пушкомитралезец. Прекарот „Руски“ го добил по тоа што неговиот татко имал руско потекло. Завршил курс за скоевски раководители, што го раководел Крсте Црвенковски, а потоа станал секретар на СКОЈ за 41 македонска дивизија. Извонредна храброст покажал во битката кај Пуста Река (Крушевско), каде како дел на претходницата, биле нападнати од заседа на бугарскиот окупатор . Атанас јуришал со трчање кон непријателот, а тоа го донело успехот на акцијата. По оваа борба бил пофален за неговата храброст. Слична пожртвуваност прикажал и во битките кај Брезово,Карбуница,Бушова Чешма и други места. Потоа станал член на Втората македонска ударна бригада, а, во која исто така останал запаметен по неговата храброст во битката против Германците кај селото Фуштани (Егејска Македонија). Тој бил поставен на опасна задача, во која морал да го чека непријателот од непосредна близина, при што успеал сам да ликвидира 17 германски војници, а дополнителни 30 да ги размести од строј. Во борбата кај селото Раштина (Кавадаречко), сам со мала група на борци успеале да ги одбијат нападите на бугарските единици, додека неговата бригада ги заземала позициите кај Мрежичко, Граешница, Крњево, Клисура, Демир Капија и Дрен. Учествувал во Февруарскиот поход, како и во борбата кај село Ноти над Фуштани, кога бил и ранет во рамото. Во 1944 година станал младински раководител на 41-та дивизија, со која учествувал во борбите кај Туин , Чаф, Прилеп,Велес. Во 1945 година заминал на Сремски фронт како секретар на СКОЈ на 42 дивизија. По војната, Забазноски работел во КОС, а на Четвртиот пленум на СКЈ, во 1966 година, по смената на Александар Ранковиќ , ја напуштил службата. .До пензионирање работел во Државниот секретаријат на Министерството за внатрешни работи. Во 1975 година бил исклучен од Сојузот на комунистите на Македонија. Бил близок пријател со македонскиот писател Венко Марковски и го придружувал Венко по патот за Голи Оток. За народен херој бил прогласен на 20 декември 1951 година.

Името на Атанас Прокопиев Забазноски-Руски е запишано со златни букви во македонската историја и е светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Изложба на фалсификувани уметнички дела во Париз

Покрај уживањето во следење на Летните олимписки игри, најголемата спортска манифестација на планетава, љубителите на спортот, во Париз, ќе имаат можност да проследат стотина културни и забавни манифестации, а меѓу нив и изложбата на фалсификувани уметнички дела на генијалните Франц Ксавијер Рипка, Дејвид Стејн и Јозеф Хофман

Мала е веројатноста дека обичен смртник, па дури и врвен интелектуалец, би знаел да ви каже со што се занимавале Франц Ксавијер Рипка, Дејвид Стејн и Јозеф Хофман. Меѓутоа, кустос во кој било провинциски музеј веднаш би ви одговорил дека се фалсификатори на уметнички дела. Споменатитите се најголеми и неповторливи кривотворители на делата на најпознатите овоземни сликари, почнувајќи од Микеланѓело, преку Да Винчи и Тицијан, до Вангог, Веласкез, Пикасо и Матис.

**Рипка, гение на погрешна патека**

Кој знае дали Франц Ксавијер Рипка знаел дека проституцијата и фалсификаторството се најстари занаети на светот, но во вториов, оставил неповторлива трага. Имено, сè што можело да се кривотвори со молив и четкичка, и се разбира, со умот, тој го правел со леснотија достојна за почит и восхит. На прашањето што му го поставил истражниот судија во затворот во Рио де Женеиро, зошто не создавал сопствени генијални дела, туку ги фалсификувал туѓите уметнички слики, Рипка одговорил: „Господин судија, во нашиов век делото го продава името на уметникот, а јас не сум Тицијан, туку Ксавијер Рипка“.Германец по потекло, роден во Чехословачка, Рипка уште во детските денови покажувал дарба за сè, а посебно за цртање. Се разбира, родителите, но и самиот Франц таа дарба ја сметале за детско хоби, така што го насочувале кон „посериозни науки“. И така, наместо да седне пред штафелај, Рипка тргнал во светот на науката. Најпрвин, завршил органска хемија, потоа специјализирал ботаника, но и своето детско хоби го крунисал со диплома на Академијата на убавите уметности во Прага. До почетокот на Втората светска војна, попат научил ни малку ни повеќе, туку 16 странски јазици. И разбирливо е што таков гение дошол под присмотра на Гестапо, по што бил уапсен и испратен во злогласниот нацистички логор „Аушвиц“. Благодарејќи ѝ на една караница помеѓу двајца логораши, Рипка се јавил како преведувач и на Германците им го свртел вниманието. Така, станал официјален преведувач, со што останал надвор од голготата низ која поминувале илјадници логораши. Четири години подоцна, тој ќе биде еден од клучните сведоци на познатиот



Нирнбершки процес. Во „Аушвиц“ стасал бидејќи есесовците откриле дека токму тој ги изработувал лажните пасоши со кои илјадници Евреи од Чехословачка ги спасил од сигурна смрт. Во „Аушвиц“ заборавиле на тој факт, но кога од Берлин, „лично од фирерот“ дошла наредба меѓу логорашите да се побара секој што се занимавал со фалсификување на документи и пари и веднаш да се испрати во Берлин, Рипка повторно се нашол во центарот на внимание. Два дена потоа, Рипка се нашол во дувлото на Хитлер, во близина на Салзбург. По сплет на околности, токму тогаш, судбината ќе ги состави тројцата најголеми светски фалсификатори. Покрај Рипка, во фабриката за фалсификување на британски фунти се нашле и Хамори, доведен од Унгарија и Станеску од Романија.

На судењето во Нирнберг, Рипка признал дека бил главен цртач на британски фунти и дека дневно од Салзбург било лиферувано по 600 кг фалсификувани банкноти. И токму од Нирнберг, генијалецот од Прага, под свое ќе го земат Американците, со намера да го искористат во тајните операции на ЦИА. А тој, незадоволен од третманот и платата, и во Америка ќе „отвори“ сопствен бизнис, се разбира, со фалсификување на долари. Кога го фатиле, извесно време ќе помине во затвор, а потоа трајно ќе го протераат од Америка.

При враќањето во Европа, на брод, Рипка се запознава со бизнисмен од Рио де Жанеиро и така ќе стаса во земјата на самбата, ќе формира семејство и ќе се вработи во една од филијалите на „Сименс“ во Бразил. За генијалниот фалсификатор од Прага, повторно ќе се слушне во почетокот на седумдесеттите години. Имено, во слободното време, Рипка ѝ се вратил на старата љубов-сликарството. И наместо да слика пејзажи од Копакабана, Рипка ги копира делата на Тицијан, Караваџо, Ван Ајк, Пикасо, Матис и скапо да ги продава и повторно ќе стаса во затвор. Од зандаданата во Рио де Жанеиро ќе избега со фалсификувана пропусница, а на масата во канцеларијата на управникот ќе остави порака дека не треба да го бараат оти по два месециа „сам ќе се вратам“. И, се вратил, докажувајќи дека е вистински гение. А, за крајот на приказната за овој навистина чуден човек да биде достојна на него самиот, покажува и овој податок. Кога се вратил во затворот, управникот од судските власти побарал да го ослободат, а како доказ дека неговото барање е логично на судот му ги покажал пропусницата и пораката создадени со раката на Рипка.

**Хавиер - Модиљани од Ибица**

Се родил како Јозеф Хофман во далечната 1906 г. во Унгарија, а умрел како Луи Ранијер-Жан Касу- Елмир Хори Бутен. Продавачите на неговите уметнички дела го знаеле под името Хори, а по потреба го викале Модиљани, Матис, Дифи, Шагал, Пикасо, Гоген, Сезан... За разлика од неговиот идол Рипка, кој го сметал за најголем ликовен уметник што се родил на планетава, Јозеф Хофман животот го поминал во изобилие во рајскиот амбиент на Ибица. Нему сликарството не му било хоби, туку животна преокупација. Откако со одличен успех ја завршил Ликовната академија во Париз и станал успешен сликар-експресионист, овој Евреин од Унгарија смислил начин како да се збогати седејќи во скромното ателје, најпрвин во Париз, а потоа насекаде низ Европа. Откако успешно го ископирал Матис, се дал во потрага по сериозен купец и налетал на извесен Рино, ситен трговец со уменички дела. По Матис, од неговото ателје ќе „излезат“ дела на Модиљани, Шагал, Пикасо, Гоген, Вламенка... Од продадените слики, Рино и Јозеф Хофман живееле на висока нога сè додека до трговецот не стасала полицијата. За негова среќа, Јозеф дознал за тоа и избегал од Париз. Избегал, но продолжил да копира славни сликари, а истовремено и да наоѓа и продавачи и купци за својот труд. Според познавачите на уметничките дела, фалсификаторската генијалност на Хофман останува ненадмината, бидејќи од над 4000 негови фалсификати, една десетина и денес висат во галериите по светските музеи и приватни колекции. Тотален пресврт во животот и работата на Јозеф Хофман, кој се претставувал уште и како Жан Касу, Луи Ранијер и Елмир Хори-Бутен, се случил во 1962 г., кога двајца трговци со негови дела, на еден тексашки милијардер му продале 44 фалсификати. Имено,овој пребогат Америкнец побарал стручна процена и анализа и дознал дека сите дела се генијални фалсификати. Од тогаш, сега под уметничко име Хори, Јозеф Хофман повеќе не се се сокрива и не бега пред агентите на американската и европските полиции,туку објавува дека ќе продолжи да ги копира славните колеги, со тоа што своите дела ќе ги потпишува со своето име. Со спечалените пари се сели на Ибица, купува раскошна вила и живее рајски.



По десетина години, откако излегле од затвор двајца продавачи на неговите дела, го пронашле и му се заканиле дека ќе го предадат на француската полиција. Исплашен од заканата, Хори една вечер во 1967 г испил полна шака со апчиња за смирување и починал. Сите фалсификувани дела на Јозеф Хофман денес вредат повеќе од милијарда американски долари. Славниот Орсон Велс, заинтригиран од приказните за животот и делото на Јозеф Хофман, снимил долгометражен документарен филм, кој може да се најде во архивите на сите познати светски галерии и музеи.

Миле Раденковиќ



# Иван Константинович Ајвазовски, официјален сликар на руската царска морнарица

Иван Константинович Ајвазовски, крстен како Јован Аивизијан, бил руско-ермински романтичарски сликар кој се смета за еден од најголемите мајстори на морската уметност. Тој е роден на 29 јули 1817 г. во ерменско семејство во црноморското пристаниште Феодосија на Крим, каде го поминал и поголемиот дел од својот живот. За време на неговото студирање на Империјалната академија на уметностите, тој на руски јазик бил познат како Иван Гајвазовски , а станува познат како Ајвазовски од 1840 г., додека е на студиски престој во Италија. Младиот Ајвазовски добил парохиско образование во ерменската црква „Свети Саргис“ во Феодосија. Првите часови по цртање ги добива од Џејкоб Кох, локален архитект. Ајвазовски се преселил во Симферопол со семејството на гувернерот на Таурида, Александар Казначеев во 1830 г. и ја посетувал градската руска гимназија. Во 1833 г., Ајвазовски пристигнал во Санкт Петербург, за да студира на Империјалната академија на уметностите во класата за пејзажисти под менторство на Максим Воробиев. Во 1835 г., тој е награден со Сребрен медал и е назначен за помошник на францускиот сликар Филип Танеур . Во септември 1836 г., Ајвазовски се сретнал со рускиот поет Александар Пушкин за време на посетата на Академијата. Во 1837 г., се префрла во класата за воено сликарство на Александар Сауервеид и учествувал во вежбите на Балтичката флота во Финскиот Залив. Во октомври 1837 г. дипломирал на Империјалната академија за уметности со Златен медал, две години порано од предвиденото. Ајвазовски се вратил во Феодосија во 1838 г. каде поминал две години во родниот Крим. Во 1839 г., учествувал на воени вежби на брегот на Крим, каде што се запознава со руските адмирали Михаил Лазарев, Павел Нахимов и Владимир Корнилов. Во 1840 г., Ајвазовски бил испратен од Царската академија на уметностите да студира во Европа. Прво отпатувал за Венеција преку Берлин и Виена и го посетил Сан Лазаро Дегли Армени, каде живеел неговиот брат Габриел, кој ги проучувал ерменските ракописи. Потоа се упатил кон Фиренца, Амалфи и Соренто. Во Фиренца се запознал со сликарот Александар Иванов. Ајвазовски бил под големо влијание на италијанската уметност и нивните музеи станале „втора академија“ за него. Според Рогачевски, веста за успешните изложби во Италија стигнала до Русија. Папата Григориј XVI го одликува со Златен медал. Ги посетува Швајцарија, Германија, Холандија и Британија и учествува на меѓународна изложба во Лувр, каде е единствениот претставник од Русија. Во Францијај добива Златен медал од Академијата „Ројале де пеинтура“. Ги посетил и Британија, Португалија, Шпанија и Малта. Во тој период на Ајвазовски му се восхитува цела Европа.

По неговото враќање во Русија, Ајвазовски бил академик на Империјалната академија на уметностите и бил назначен за „официјален уметник на руската морнарица да слика морски пејзажи, крајбрежни сцени и поморски



битки“. Во 1845 г., Ајвазовски патува до Егејското Море со војводата Константин Николаевич со кого ги посетиле Константинопол и грчките острови Патмос и Родос. .Во 1845, Ајвазовски се вратил во родниот град Феодосија, каде што изградил куќа и студио. Се изолирал од надворешниот свет, контактирајќи само со тесен круг на пријатели и роднини. Осаменоста одиграла негативна улога во неговата уметничка кариера. До средината на деветнаесеттиот век, руската уметност се движела од романтизмот кон посебен руски стил на реализам, додека Ајвазовски продолжил да слика романтични морски пејзажи и добивал големи критики. Во 1845 и 1846 присуствувал на маневрите на Црноморската и на Балтичката флота во Петергоф, во близина на царската палата. Во 1847 г., ја добил титулата професор по сликарство на море од страна на Империјалната академија на уметностите и со тоа бил издигнат на ранг во благородништвото. Истата година е избран во Кралската холандска академија за уметности и науки. Помеѓу 1856 и 1857, Ајвазовски работи во Париз и станува првиот руски (и првиот нефранцуски уметник) што ја добил Легијата на честа. Во 1857 г., Ајвазовски го посетил Константинопол и е одликуван со Орден на Меџидие. Истата година е избран за почесен член на Московското уметничко друштво. Бил одликуван со грчки Орден на Спасителот во 1859 г. и со руски Орден на Свети Владимир. Во 1870 г., Ајвазовски е назначен за вистински граѓански советник, четвртиот највисок граѓански чин во Русија. Во 1871 г., тој ја иницирал изградбата на археолошкиот музеј во Феодосија. Во 1872 г., патува во Ница и Фиренца за да ги изложи своите слики. Во 1874 г., Академијата за ликовни уметности во Фиренца, побарала од него автопортрет, што ќе биде изложен во галеријата „Уфици“. Истата година, Ајвазовски бил поканет во Константинопол од страна на султанот Абдулазиз, кој потоа му го доделил турскиот орден „Османиех“. Во 1876 г. тој станал член на Академијата за уметности во Фиренца и вториот руски уметник (после Орест Кипренски) кој насликал автопортрет за Палацо Пити. Следната година, 50-годишнината од неговиот творечки труд, била прославена со изложба во Санкт Петербург и добил почесно членство во Империјалната академија за ликовни уметности. Во 1887 г., како дел од јубилејната прослава за неговата кариера, Ајвазовски приредил вечера за 150 пријатели. Секој гостин добил минијатурна слика. Тогаш, откако лично го запознал Ајвазовски, Антон Чехов ѝ напишал писмо на сопругата во кое го опишува на следниов начин: Самиот Ајвазовски е невнимателен и срдечен старец од околу седумдесет и пет години, кој изгледа како безначаен Ерменец и епископ, тој е полн со чувство за сопствената важност, има меки раце и ти ја подава раката како генерал. Тој не е многу бистар, но е сложена личност, достојна за понатамошно проучување. Само во него се комбинирани генерал, епископ, уметник, Ерменец, наивен стар селанец и Отело. Тогаш и настанува изреката „Достојна за четката на Ајвазовски“, која ја популаризираше Антон Чехов, и која била користена во Русија за да се опише нешто убаво. Ајвазовски починал на 19 април 1900 г. во Феодосија. По негова желба тој бил погребан во дворот на ерменската црква „Свети Саргис“. Погребан е во саркофаг од бел мермер, направен од италијанскиот скулптор Л. Биоџоли во 1901 г. На неговиот надгробен споменик е врежан цитат од историјата на Ерменија на Мовсес Хоренатси на класичен ерменски јазик: „Роден како смртник, остави бесмртен спомен зад себе“. По неговата смрт, неговата сопруга Ана водела затскриен живот, живеејќи во неколку соби што ги задржала по национализацијата, односно до 1941 г. Починала на 25 јули 1944 г. и била погребана до Ајвазовски. Две од неговите ќерки (Марија и Александра) ја напуштиле Русија по Револуцијата во 1917 г., додека другите две умреле кратко потоа, ќерката Јелена во 1918 г., а Жана во 1922 година.

м-р Трајче Чатмов





# „Наполеон“ Психолошки профил на легендарниот војсководец

Филмот „Наполеон“ од 2023 година во режија на Ридли Скот претставува приказ за животот и подвизите на големиот војсководец Наполеон Бонапарта во 18 век , кога тој прераснува од генерал во цар. Филмот го поставува акцентот, пред сè, на психолошкиот профил на Наполеон, неговиот карактер, амбиции и влијание на неговите лични животни околности, како и комплексите кои имаат произлезено од нив. Филмот ги прикажува и луѓето, кои се наоѓаат во непосредна близина на Наполеон, односно неговите блиски, а исто така и одлуките кои тој ги донесува, а кои ја засегнуваат тогашната политичка ситуација низ цела Европа. Документарноста во овој филм е присутна, но не и апсолутна, бидејќи одредени елементи на филмот не се вистинити, како на пример нападот на Наполеон врз пирамидите.Така што филмот е направен со цел да се ужива во него како уметничка претстава, со што основната историска матрица е задржана со фиктивни елементи во прилог на естетската уметничка вредност на филмот.

Скот ја започнува својата приказна со теророт на француската револуција во доцниот 18 век. Наполеон, кого го игра , оскаровскиот глумец Хоакин Финикс, е талентиран млад офицер, кој постигнува големи и бројни воени победи, коишто постепено го водат до неприкосновена моќ и влијание. На почетокот на филмот стоичкиот изглед, безграничната самоувереност и огромниот успех на Наполеон, како и неговата незапирлива храброст на бојното поле, му даваат гламур на стандарден холивудски акционен херој. Тие рани сцени го воздигнуваат Наполеон, но подоцна Скот полека го открива другиот, помалку привлечниот Наполеон, прикажан, пред сè, преку односот со неговата прва сопруга Жозефина. И покрај тоа што фокусот е поставен врз личноста на Наполеон Бонапарта, сепак, можеби поклучен лик во овој филм е ликот на Жозефина, бидејќи таа ја диктира целата нарација на филмот. Жозефина де Боарне во улога на Ванеса Кирби е прикажана како жена со слаб морал, која целосно го освојува срцето на Наполеон Бонапарта. Помеѓу нив двајца се прикажува една турбулентна релација, исполнета со многу драматичност, комичност и динамичност. Од првата средба со Жозефина, па сè до неговата смрт, Наполеон е опседнат со неа. Таа опседнатост постојано расте, па го запознаваме Наполеон како многу посесивен и љубоморен лик, кој тежнее кон целосна доминација и контрола во нивниот однос. Овие негови карактеристики се огледуваат и на бојното поле. Воените сцени се прикажани маестрално и на највисоко кинематографсло ниво. Иако поставени во втор план, на сметка на прикажување на односот помеѓу Напилеон и Жозефина, тие ни зборуваат за клучните точки од политичкиот, општествениот и воениот развој на Франција и Европа. Интересен пример за визуелно мајсторство во филмот се сликите на битките кај Аустериц од 1805та година, кои се драматични, живописни и воодушевувачки. Во нив Наполеон ја намамува соперничката војска на замрзнато езеро, кое потоа го гранатира, па се прикажува како луѓето, коњите и крвта полека во забавена снимка тонат под замрзнатата вода. Тука се забележува афинитетот на Ридли Скот кон драматичните визуелизации.
Што се однесува пак до карактерот на Наполеон, гледајќи го филмот дознаваме дека односот на Наполеон кон жените,





конкретно кон Жозефина, црпи извори уште од неговото најрано детство и неговиот однос кон сопствената мајка. Главната теза, односно прашање кое се провлекува низ филмот, всушност е прашањето за тоа колку личното искуство на Наполеон е причина за неговите општествени ангажирања. Дали неговата потреба за апсолутна контрола и доминација врз жените е причина за тоа што Наполеон после освојувањето на Москва, не запира и продолжува кон освојување на други територии во Русија. Токму оваа одлука да изврши поголема експанзија го носи во незавидна позиција, да биде абдициран од престолот, а подоцна и прогонет за прв пат.

Приватниот Наполеон е смешен, а јавниот е чудовиште.

Неговата генијалност како генерал е јасно видлива, но се додека не почне премногу да верува во истата. Во втората половина на својата кариера тој ги потценува своите противници и ги води своите луѓе во катастрофа, не сакајќи да признае неуспех ниту пак да се повика на стратешко повлекување. Стотина илјади негови војници се смрзнуваат до смрт во ужасната руска зимска кампања во 1812та година. Наполеон е прогонет на островот Елба, но уште еднаш успева да се пригради до моќ, се додека Британците еднаш засекогаш не го поразуваат во битката кај Ватерло. Филмот завршува со екранизиран текст во кој се кажува дека вкупно 3 милиони луѓе го имаат загубено својот живот за време на овие мегаломански походи на Наполеон. Покрај феноменалната сценографија, костими и ефекти, кои претставуваат вистинска наслада за очите за време на претставувањето на битките, сепак, она што воодушевува е сценариото на Дејвид Скарпа, кој успева совршено да ја долови комплексноста на Наполеоновиот карактер, а не само неговите воени стратегии. Наполеон е прикажан мошне интересно и невообичаено, како харизматичен, паметен и на моменти духовит лидер. Репликите што тој ги изговара во текот на филмот, феноменално продуцирани од страна на Хоакин Финикс, цврсто се вмрежуваат во меморијата на гледачите.

Ридли Скот, дури и во подоцнежната фаза од својата кариера, продолжува да биде филмски режисер, кој секогаш и отворено се стреми кон спектакл, без никакви калкулации и ни малку компромис. Метафорички кажано, тој пука во целта, па што биде – нека биде, или потполн погодок или целосно промашување. А што е помалку грандиозно и спектакуларно од целта кон која тој се стреми во овој филм, односно животот на Наполеон Бонапарта, брилијантниот војсководец, опортунист, мал човек со големи цели, генерал, конзул, цар, или пак, можеби, параноичен меланхолик? Не е едноставно сето тоа да се опфати во еден единствен филм, па макар тој во својата најкратка кино верзија траел и епски два и половина часа (очекувајќи се уште подолга, поинтегрална верзија од истиот режисер во времетраење од дури четири часа). И покрај негативните критики на кои меѓу другото наидува овој филм, сепак, на режисерот Ридли Скот мора да се му се симне капа, па макар со самото тоа што има храброст да се впушти во еден ваков кинематографско наполеоновски поход.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Ридли Скот

**Улоги:** Хоакин Финикс, Ванеса Кирби, Тахар Рахим

**Жанр:** епски, воеhistориски филм

**Сценарио:** Дејвид Скарпа

**Продуцент:** Ридли Скот, Кевин Волш, Марк Хафам и Хоакин Финикс

**Дистрибутер:** Колумбија пикчрс, Ејпл ориџинал филмс, Синеплекс мк

**Кинематографија:** Дариуш Волски

**Музика:** Мартин Фипс

**Монтажа:** Клер Симпсон,  Сем Рестиво

**Година:** 2023

**Јазик:** англиски

**Земја:** САД, Обединето Кралство

**Времетраење:**157 минути

**Буџет:** 130 до 200 милиони долари



# Национален парк Маврово

Во западниот дел од Македонија се наоѓа еден од четирите националнни паркови во земјата, Маврово. За национален парк е прогласен во 1949 г. и зафаќа површина од околу 74.000 хектари, а околу се планините Кораб, Дешат, југозападните ограноци на Шар Планина, поголем дел од Бистра и северните делови на Крчин. Низ Маврово тече реката Радика, а во рамките на паркот е и вештачкото Мавровско Езеро. Секогаш е убаво да се посети Маврово, но особено е убаво напролет, кога природата „се буди“.

Во границите на паркот се среќаваат голем број на интересни морфолошки форми: речни долини, клисури, водопади, карстни полиња,ували, вртачи, пештери, циркови, леднички езера, различни видови на денудациони облици. Од растителни видови, најголема застапеност има заедницата од горска букова шума. Во Националниот парк Маврово се наоѓаат преку 52 планински врвови со надморска височина над 2000 м, од кои попознати се врвот Меденица на планината Бистра, Веливар, Сандакташ и други. Посебно значење за Националниот парк Маврово има врвот Голем Кораб (2764 мнв.), кој воедно е и највисок врв во Македонија. Најниската точка е на 600 мнв. и се наоѓа на местото каде што Мала Река се влева во реката Радика.

За да се прошета низ Маврово потребни се повеќе денови, за да се запознае секој дел, но, во овој текст ние ви предлагаме да посетите само одредени делови кои можат да се видат во еден ден. Убаво е да се прошета по течението на реката Радика и да ги видите неколкуте села како што се Битуше, Ростуше и др. Појдете до манастирите „Св. Јован Бигорски“, до манастирот „Рајчица“, уживајте во околината на вештачкото Мавровско Езеро. Но, секако, прошетајте и низ густата шума. Таму можеби ќе имате среќа да сретенете дел од живиот свет, ама и да се запознаете со извонредното богатство на флора, коешто се состои од над 1000 видови виши растенија, од кои 38 се дрвни видови, 35 се грмушки, а околу шеесетина се ендемски, реликтни или ретки видови. Маврово е единствено наоѓалиште во Македонија за 12 ретки растителни видови, а се среќаваат уште 33 видови растенија коишто се многу ретки во останатите делови на Македонија.

Во Маврово има и 140 видови птици - сивиот сокол, орелот-крстач, суриот (златен) орел, шумскиот ут, големиот був, ливадската еја, степската еја, како и 11 видови водоземни животни, 12 видови на влекачи и 39 видови цицачи, од кои најзначајни се мечката, рисот, дивокозата и дивата мачка.

Маврово е рај за очите и за душата. Вистински предизвик е да се ужива во природата и да се дише чистиот мавровски воздух.

Каролина Мицевска
Зоран Василески

# о, рај за очите и за душата















